Универзитет „Св. Кирил и Методиј“

Филозофски Факултет Скопје

Институт за социјална работа и социјална политика-
„Мајка Тереза“

# МАГИСТЕРСКИ ТРУД

# КВАЛИТЕТОТ НА СОЦИЈАЛНИТЕ УСЛУГИ ЗА ДЕЦА ПОД СТАРАТЕЛСТВО

**Ментор:**

Проф. Д-р Сунчица Димитријоска

**Кандидат:**

Татјана Огненов

Скопје, 2015

**Квалитетот на социјалните услуги за деца под старателство**

## СОДРЖИНА


**ВОВЕД**......................................................................................4

**I. Т Е О Р Е Т С К И  Д Е Л**......................................................................8

**1. ПРИЧИНИ ЗА ПОЈАВА НА ДЕЦА БЕЗ РОДИТЕЛИ И РОДИТЕЛСКА ГРИЖА**..................8

1.1 Општествено-економски промени како причина за појава на деца под старателство......................................................................9

1.2 Фактори кои влијаат врз нарушување на семејството..........................10

1.3 Број на деца без родители и родителска грижа....................................15

**2. НОРМАТИВНА РАМКА ЗА СОЦИЈАЛНА ПОДДРШКА**..................................18

2.1 Законска регулатива за социјална заштита во Република Македонија..........18

2.2 Конвенција за правата на детето..........................................................22

2.3 Закон за социјална заштита.................................................................24

2.4 Услуги од социјална заштита..............................................................26

2.4.1 Социјална, примарна превенција.......................................................31

2.4.2 Секундарна, вонинституционална заштита.........................................32

2.4.3 Терцијална, институционална заштита...............................................37

2.4.4 Права на парична помош од социјална заштита...................................41

2.5 Закони и права за заштита на децата....................................................43

**3. СТАРАТЕЛСТВО**..............................................................................50

3.1 Старател и видови старатели..............................................................52

3.2 Орган за старателство – Центар за социјална работа...............................56

3.3 Раководење и постапки за старателство.................................................57

3.4 Старателство за посебни случаи..........................................................68

3.5 Старателство над малолетни лица........................................................71

3.6. Старателство над малолетни лица – жртви на трговија со луѓе..................76

3.7 Старателски книги...........................................................................78

**4. КВАЛИТЕТ НА ЖИВОТ И ЖИВОТНИОТ СТАНДАРД**.....................................79

Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија..................................................80

4.1 Квалитет на социјалните услуги............................................................83

II. ИСТРАЖУВАЧКИ ДЕЛ ....86

1. Предмет на истражувањето ....87
2. Цели и задачи на истражувањето ....87
3. Хипотези ....88
4. Варијабли ....88
5. Методи и техники на истражувањето ....89
6. Примерок на истражување ....90
7. Заклучни разгледувања ....90
8. Резултати од истражувањето ....92
9. Анализа на добиените податоци ....106
10. Заклучни разгледувања и предлози ....113

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА ....116

АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК ....120

**Квалитетот на социјалните услуги за деца под старателство**

# ВОВЕД

Сите институции кои се занимаваат со заштита на детските права, особено во рамките на социјалната заштита, имаат должност да превземаат одредени дејства децата да бидат згрижени или да се вратат во своето семејство, меѓутоа доколку ова не е можно, должни се да развијат модели на алтернативна заштита која ќе биде хумано насочена кон детето и неговото социјализирање. Некогаш детето се случува да биде издвоено од семејството каде не се исцрпени сите можности или постоечките прописи не се доволно флексибилни за можното решение кое навистина би можело да им помогне на семејствата на чија основа ќе го штити интересот на децата.

Од друга страна пак, постојат и опасности за предолго задржување на детето во опкружување кое е за него штетно и може да остави неизбришливи долгорочни последици. Да се одлучи дали да се остави детето во семејството во кое се воочени одредени пореметувања и ризици или најдобриот интерес на детето ќе биде да се издвои од ова семејство, претставува една од најтешките можни одлуки кои стручните лица и институциите мора да ги донесат, бидејќи изостанувањето на благовремената и условна реакција на детето ќе може да донесе само штета, кое во финална форма на занемарување на детските потреби се истакнува најчесто од страна на надлежните институции или општеството во целина.

Детското достоинство, автономија, вклучување во заедницата, целосниот и приватниот развој на правата на детето како дел од општеството и семејната заедница, социјалното и културното опкружување, како и заштитата на детето по пат на побарување на правата на изразување на сопственото мислење се препознаени како приоритет при одредување и имплементирање на социјалната политика и пракса на социјалната помош и заштита.

Според тоа, составот на социјалната заштита во државата настојува, следејќи ги стандардните грижи за децата, да делува проактивно со цел на сеопфатната заштита на децата. Во последните неколку години, особено во рамките на неколкуте правни и општествени реформски процеси во Република Македонија, доаѓа и до значајни промени во развојот на социјалните услуги, особено во пристапот на децата и младите како корисници на услугите, како и во рамките на методите кои се применуваат во современото социјално работење.

Стручните лица кои работат во составот на социјалната заштита во своето делување се потпираат најчесто на таканаречената корисничка перспектива, односно далеку посовремен и различен пристап во работењето со семејствата и децата, со развивање на добри односи и ефективни комуникациски односи меѓу возрасните и децата и вклучување на децата во процесот на донесување на одлуките поврзани со остварување на нивните права и интереси.

При тоа, треба да се нагласи и неопходноста за интегрирачки пристап во социјалното работење, проценката на индивидуалните потреби и изработката на индивидуалниот план на заштита во комуникација со детето, членовите на семејствата и давателите на алтернативната заштита, со континуирано составно следење и мониторинг на спроведување и имплементирање на планот со можноста за интервенција и неговото надополнување.

Според тоа, од голема важност е при имплементирање на услугите на социјалната заштита да се применат и ефективни мерки и квалитетен мониторинг во чии рамки и нивните улоги ќе се објаснат преку заедничкиот јазик кој ќе е разбирлив за децата, опфаќајќи ги процесите кои ги проследуваат издвојувањето од семејството, сместување во алтернативните облици на заштита како и интеграција и организација на животот во опкружувањето кое нуди поддршка, заштита и помош поттикнувајќи го развојот на потенцијалот на секое поединечно дете, особено на децата без родители и родителска грижа.

Овој труд е составен од два дела, теоретски и истражувачки дел. Во теоретскиот дел се опфатени четири глави: причини за појава на деца без родители и родителска грижа,

нормативна рамка за социјална поддршка за деца под старателство, старателство и квалитетот на животот на луѓето и животниот стандард.

Во првата глава од теоретскиот дел се објаснуваат причините кои доведуваат до состојба едно дете да биде ставено под старателство. Како најчести причини се нарушени односи во семејството, починати родители, одземено родителско право, здравствено и емоционално нестабилни родители, родители кои отслужуваат казна затвор, родители кои го напуштиле или се откажале од детето со што се нарушува рамнотежата на целиот систем и настануваат промени во структурата на семејството. Исто така како причина за појава на деца без родители и родителска грижа се и општествено-економските промени како што е невработеноста, социјалната несигурност, брзиот развој на технологијата и науката кои се одразија во сите сфери на човековото живеење.

Втората глава ја претставува нормативната рамка односно регулативата, како правна рамка во која државата е основен носител и креатор на социјалната заштита, ги утврдува правните норми и мерки со кои што се гарантираат услови на живот што ќе обезбедат заштита и социјална сигурност на граѓаните во секоја земја. Правната рамка на системот на социјална заштита и социјална сигурност е содржана во повеќето закони, прописи и подзаконски акти.

Република Македонија како основен носител на социјалната заштита се грижи за спречување и надминување на основните ризици на кои е изложен граѓанинот, семејството и група на население во текот на животот.

Законот за семејство (Службен весник на РМ, бр.153/14) го конкретизира спроведувањето на активностите на социјалната заштита кои се однесуваат на семејството. Со овој закон се уредуваат бракот и семејството, односите во бракот и семејството, одредени облици на посебна заштита на семејството, нарушените односи и насилството во бракот и семејството, посвојувањето, старателството, издржувањето, како и постапката пред судот во брачните спорови. Законот за семејство ги регулира правата на децата без родители и родителска грижа.

## Квалитетот на социјалните услуги за деца под старателство

Со Законот за заштита на децата (Службен весник на РМ, бр.25/15) се регулира, системот, организацијата и начинот на обезбедување на заштита на децата. Законот за заштита на децата прави разлика меѓу правата и облиците на заштита на децата. Правата на заштита на децата се лични и непреносливи, а како права на децата кои се обезбедуваат со овој закон се: право на детски додаток, право на посебен додаток, право на еднократна практична помош за новороденче, партиципација и право на родителски додаток.

Одредбите на Конвенцијата за правата на детето (преамбула) се инкорпорирани во законодавството на Република Македонија и децата до 18 годишна возраст имаат заштита, родителското право родителите да го вршат заеднички и спогодбено, посебна помош од државата доколку се деца без родители и родителска грижа, деца со воспитно-социјални проблеми, воспитно запуштени деца. Доколку некои од овие права се загрозени, граѓани, институции, невладини организации или ентарот за социјална работа (по службена должност) можат да пријават ваков случај, со цел да се превземат мерки за заштита на децата.

Третото глава ја објаснува потребата и начинот едно дете да се стави под старателство, избор на старател, видови на старатели и старателство, права и должности на старателот, престанок на старателството, старателство за посебни случаи, старателство над деца-жртви на трговија со луѓе.

Во четвртото глава се презентирани основните мерила на одделните концепти на животниот стандард и квалитетот на живеење. Како најважни фактори за квалитетот на живот се сметаат здравјето, матерјалната благосостојба и безбедност, потоа семејните односи, животот во заедницата итн. Исто така се објаснуваат и сродните концепти кои се однесуваат на квалитетот на живот, а тоа се благосостојбата, човечкиот развој и сиромаштијата.

Истражувачкиот дел се состои од повеќе глави кои го опишуваат и даваат одговор на проблемот кој е предмет на истражување на овој труд. Во методолошкиот дел се дава објаснување кои се целите и задачите и кои методи и техники се применети во текот на истражувањето, прикажани се резултати од истражувањето и даден е заклучок и препораки.

# I. ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ

## 1. ПРИЧИНИ ЗА ПОЈАВА НА ДЕЦА БЕЗ РОДИТЕЛИ И РОДИТЕЛСКА ГРИЖА

Како основна причина за појава на деца без родители и родителска грижа се бара во општествено-економските промени и во семејството од каде потекнува детето.

Во голем дел од случаите, двајцата родители не се доволно финансиски стабилни за да формираат едно свое, сопствено семејство, па токму затоа се одлучуваат да го напуштат детето или да го предадат на институција која понатаму ќе се грижи за неговиот правилен раст и развој.

Како втора причина која е почеста, се појавуваат аномалиите на современото семејство, како причина поради која децата остануваат без родители и родителска грижа, што е особено трогателно со оглед на тоа дека според низа статистички податоци семејното искуство значи и предуслов за функционирање на идното, сопствено семејство.

Авторите се согласуваат со дефиницијата дека семејството претставува една од фундаменталните институции на општеството. Семејството претставува семејна заедница составена од брачен пар или од родители (двајца или еден) и нивните деца кои не се во брак. Под семејство се подразбира и заедница на партнер и партнерка кои живеат заедно, а законски немаат засновано брачна заедница (Матилов, 2002, стр. 48-52).

Во согласност со дефиницијата за семејство според (Спировиќ, 2008, стр. 111-114) се разликуваат следните типови на семејства:

- *брачен пар без деца;*
- *брачен пар со дете-деца кои не се во брак;*
- *родители (партнери кои не се во брак) со дете-деца кои не се во брак;*
- *мајка со дете-деца кои не се во брак и*
- *татко со дете-деца кои не се во брак.*

Семејството е исклучително сложена институција која е предмет на анализа на бројни истражувања. Меѓутоа, теоријата ни помага единствено да го сознаеме семејството како фундаментален дел од општеството, додека пак практиката и имплементацијата на законските прописи се од многу поголемо значење.

## 1.1 Општествено-економски промени како причина за појава на деца под старателство

Со брзиот напредок на техниката, технологијата и науката доаѓа до поголеми достигнувања кои се одразија во сите сфери на човековото живеење и доведоа до менување на квалитетот на живот на поединецот и семејството. Невработеноста, намалениот животен стандард, социјалната несигурност, социо-патолошките појави како алкохолизам, наркоманија, проституција влијаат врз семејството, а сето тоа доведува до нарушување на семејните односи. Асоцијалните појави како криминал, трговија со луѓе, злоупотреба, производство и промет на наркотични средства влијаат на слабеење на функцијата на семејството, а со тоа и одреден број возрасни лица недоволно да се грижат за останатите членови на семејството, најчесто децата со што се загрозува нивниот развиток.

Секогаш постоело големо интересирање на општеството за развојот и воспитувањето на децата во семејството. Тоа влијание растело и се менувало напоредно со развојот на општествените односи, колку општеството било поразвиено, толку повеќе јакнела неговата улога во доменот на семејството, а со тоа растел и општествениот интерес за социјална заштита на децата.

За правилен развој на детето потребно е да расте во семејство со родители опкружено со љубов, среќа и разбирање. Раното детство е од посебно значење за развој и социјализација на детето, односно развојот на чувството за љубов, припадност и сигурност се развиваат во првите години од животот. Затоа е многу значајно во каква средина ќе се развива детето. Онаму каде што доаѓа до нарушување на семејната хармонија, државата преку социјалните служби и другите институции превзема благовремени општествени и стручни интервенции за децата на кои им е потребна помош.

## 1.2 Фактори кои влијаат врз нарушување на семејството

Семејството е првата и најважна средина во која детето го почнува својот живот и личен развој. Здравиот семеен систем е предуслов за здрав и правилен развој на детето. Семејството е систем и природен контекст во кој детето доаѓа на свет, расте и се развива. Семејниот систем вообичаено се дефинира како општествена група која ја карактеризираат специфични функции како што се биолошко-репродуктиивна, економска, заштитна, воспитно-образовна и емотивна. Според своите функции семејството е една од најкомплексните групи што задоволува разновидни човечки и општествени потреби (Wolf, 2007).

Во современите општества процесот на редуцирање на роднинскиот однос е се поинтензивен. Семејството го сочинуваат родителите и нивното непосредно потомство, познато како нуклеарно семејство. Она што семејството го прави различно од другите општествени групи е заедништвото, интеракциите кои постојат помеѓу членовите на семејството и квалитетот на емоциите во нивните меѓусебни релации. Функционалните семејства се отворени за трансформација и лесно се прилагодуваат на животните промени, наизменично минувајќи низ фази на развојни промени и фази на стабилизација, а низ реструктуирањето минуваат постепено и го одржуваат семејниот континуитет. Во ваквите семејства децата правилно растат и се развиваат согласно развојните потреби. Родителите поседуваат родителски капацитет и одговорно ја извршуваат родителската улога.

## Квалитетот на социјалните услуги за деца под старателство

Семејствата кои не успеваат да ги следат и да се прилагодат на развојните потреби на своите членови останиваат блокирани и дисфункционални. Родителите не поседуваат родителски капацитети и родителската улога не ја вршат соодветно. Ваквите искуства и доживувања директно и негативно влијаат врз детето и го попречуваат неговиот правилен раст и развој и оставаат трајни последици во неговиот живот. Исто така, се појавува можноста и самото дете кога ќе се развие во зрела личност истите искуства да ги пренесува практично во секојдневните семејни односи.

Стабилноста на семејниот систем е условена од внатрешни и од надворешни фактори. Во внатрешни фактори кои можат да го нарушат семејниот систем може да ги спомнеме лошата станбена и материјална состојба, недостаток на родителски капацитет, конфликтни семејни односи, недостаток на емоции, социјална изолација, присуство на зависности, патолошки појави, болест во семејството, загуба на родител, развод, а во надворешните фактори се вбројуваат особено негативните општествени влијанија како што се невработеноста, нискиот личен доход, намалениот животен стандард кои придонесуваат за дезорганизација и нарушување на семејните односи како и пораст на семејното насилство и појава на низа негативни појави како што се малолетничка деликвенција, алкохолизам и слични појави.

Под влијание на негативни внатрешни или надворешни фактори, биолошката средина на детето може да стане неадекватна, непотполна, дисфункционална, разрушена. Многу деца во такви животни услови страдаат од злоупотреба и запоставеност. Родителите во такви околности понекогаш ја занемаруваат или ја напуштаат грижата за своите деца и тие остануваат без поддршка од едниот или од двајцата родители лишени од потребната нега и грижа. Децата без родители и родителска грижа се една од најранливите категории лица во ризик во секое општество. Лошите услови за живот и отсуство на родителска љубов и поддршка која им е потребна на овие деца, е еден од главните приоритети за заштита на децата од ова категорија (Матилов, 2002, стр. 44).

## Квалитетот на социјалните услуги за деца под старателство

Семејството на детето му обезбедува емоционална потпора, припадност, поддршка во разни животни ситуации, доверба. Семејството овозможува учење на улоги и стекнување искуство за целиот живот.

Некои семејства не се во можност да дадат потребната љубов и поддршка, па запаѓаат во голема криза која може да ги загрози потребите и развојот на нејзините членови. Во таков случај сопственото семејство станува извор на неуспех и загрозување на средината. Како најзагрозени членови на семејството се децата, поради што понекогаш е подобро да се издвојат од средината во која живеат и да се сместат во средина стимулативна за нивниот развој.

Зигмунд Фројд творецот на психоанализата рекол „детето е татко на човекот“, со што сакал да го истакне значењето на доживувањата од детството во семејството за формирање на личноста. Работејќи со возрасни луѓе кои имале психички тешкотии, Фројд дошол до заклучок дека примарен извор на тешкотиите се траумите доживеани во ризична средина во семејството во раното детство.

Особено негативни последици во развојот на децата настануваат во услови на долготрајно лишување на детето во поглед на задоволување на неговите биолошки и психолошки потреби, дури некогаш е поважно задоволување на психолошките за разлика од биолошките потреби. Детето дури и во минимални нормални услови ги задоволува егзистенцијалните потреби, но ако не добива љубов и внимание во раното детство ќе има негативни последици за неговиот развој. Голем број деца кои потекнуваат од вакви семејства имаат негативен однос во контактите и комуникацијата со нивните врсници и возрасни луѓе. Најчесто кај децата кои потекнуваат од вакви семејства се јавуваат емоционални проблеми кои влијаат на нивниот развој. Истражувачите на ова појава се согласуваат со мислењето дека основниот проблем во однесувањето кај поединци е раното родителско отфрлање и емоционалното лишување, недостиг од љубов и сигурност што е резултат од тешко нарушена семејна атмосфера, од лошите меѓусебни односи, како и од социо-патолошки форми на однесување на родителите кон детето (Mitic, 1980, p.33).

## Квалитетот на социјалните услуги за деца под старателство

Во категоријата деца без родители спаѓаат деца кои од најразлични причини (несреќа, болест) трагично ги изгубиле своите родители.

Деца без родителска грижа се деца за кои постојат докази дека живеат со своите родители кои не се способни да се грижат за нив, ги запоставуваат нивните основни потреби или ги нарушуваат нивните права и интереси.

Семејството е првата институција на која детето припаѓа и во која тоа функционира, расте и се развива. Семејството во кое се раѓаме се нарекува семејство на потекло поради што е и од големо значење во семејството да се развиваат стабилни односи помеѓу родителите. Семејството ги симболизира најдлабоките човечки соништа и стравови. Човечките соништа се однесуваат на љубовта, интимноста, стабилноста и сигурноста, а водечките стравови се страв од напуштање, губиток, неуспех. Во семејството ги стекнуваме првите искуства за себе и за светот околу нас. Во семејството растеме, созреваме и го напуштаме за да и сами создадеме свое семејство. Во семејството детето се раѓа како немоќно и слабо суштество на кое му е неопходно потребна грижа и сигурност, па затоа ако детето ја добие оваа заштита во рамките на семејството, голема е веројатноста дека ќе се развива како една здрава единка и обратно. Природно е на ваквите потреби на малото дете најмногу да одговори мајката или личноста која ја заменува мајката, а при задоволување на детските потреби, мајката или личноста која се грижи за детето треба во грижата да ги внесе своите непосредни и несебични чувства.

Здравата семејна средина на детето треба да му ги понуди сите услови за правилен развој. Во своето семејство детето треба да добие храна, облека, топол дом, љубов, внимание, поддршка низ неговиот развој. Семејството треба да даде поддршка на детето во сите развојни фази, меѓу кои се и периодот на неговата интеграција во пошироката општествена заедница. Воедно, тоа треба да биде средина во која детето правилно ќе ги развива своите потенцијали и ќе се гради себеси во здрава и општествено корисна личност. Квалитетот на животот кој детето го добива во примарниот семеен систем во текот на

детството и адолесценцијата, директно влијае врз развојот на детето и формирањето на неговата личност. Оттаму, семејството има непроценливо значење во животот на секое дете.

Голем е бројот на деца кои живеат без поддршка од едниот или од двата родители, кои страдаат од злоупотреба, запоставеност, деца кои живеат во сиромаштија и кои се експлоатирани и лишени од грижа, кои живеат во семејства кои не нудат здрава и пријатна семејна атмосфера, со родители кои немаат капацитети да им ја дадат на децата потребната родителска љубов, грижа и заштита. На овие деца често не им се задоволени ниту најосновните потреби (храна, облека) и нивниот квалитет на живот е на најниско ниво.

Како последица на загуба или нарушени семејни односи голем број деца остануваат без родителска грижа, препуштајќи им ја својата судбина на, за нив непознати луѓе од кои очекуваат сочувство, љубов и заштита. Овие деца се изложени на посебен ризик и секое од нив, во себе носи специфичен терет. Одреден број од овие деца не се вклучени во редовен образовен процес и без разлика на нивната возраст не се описменети. Во таквите семејни средини интересите на децата не се заштитуваат. Семејните односи во овие семејства не овозможуваат сигурност и благосостојба на децата, напротив ги изложуваат на ризици по нивното здравје и безбедност. Поради сите овие причини се наметнува неопходна потреба, овие деца да се одвојат од биолошката средина во која неправилно се развивале и со посредство на социјални служби да бидат одземени од нивните родители (Спировиќ-Трепеновска, 2008, стр. 35).

Како причини за одземање на детето од биолошкиот родител може да се наведат сериозни соматски и психички нарушувања на родителите поради што е оневозможена родителската функција, консумирање на алкохол, дрога или криминално досие кај родителите, запоставување и психичко малтретирање на децата, физичко малтретирање и телесно казнување како и сексуална злоупотреба на децата.

## 1.3 Број на деца без родители и родителска грижа

Според анализата на состојбата на децата без родители и родителска грижа изработена во Заводот за социјални дејности во мај 2014 година, врз основа на добиени податоци од 30-те Центри за социјална работа, во Република Македонија се регистрирани вкупно 1324 деца без родители и родителска грижа до 26 годишна возраст.

Во рамките на погоре наведените статистики, деталните информации може да се забележат во подолу наведената табела1.

Табела 1. Малолетни корисници на социјална заштита

| | Вкупно | Деца без родители и родителска грижа |
|---|---|---|
| 2013 Вкупно деца и млади без родители | 15014 | 1094 |
| 2012 Вкупно деца и млади без родители | 18181 | 1138 |
| Вкупно 2012/13 | 82,6 | 96,1 |

Извор - http://www.stat.gov.mk/pdf/2014/2.1.14.18.pdf

Во однос на причините за статусот, дел од Центрите за социјална работа наведуваат дека мајката е почината, татко во затвор, мајка-татко премажена-преженет, алкохоличар, родители со асоцијално однесување, материјално необезбедени, здравствени проблем кај родителите и слично.

Во однос на формата на заштита најголем број деца се сместени кај блиски роднини, во установа, згрижувачко семејство или кај блиски сродници.

## Квалитетот на социјалните услуги за деца под старателство

Според евиденцијата на Центарот за социјална работа - Скопје во изминативе три години се констатира пораст на бројот на деца без родители и родителска грижа и тоа во 2011 година тој број изнесувал 319 деца, во 2012 година 366 деца, а во 2013 година 386 деца.

Состојбата во која се нашле овие деца не трпи одлагање и спроведување долга постапка, а тоа значи дека кога ќе се утврди дека едно дете е останато без родителска грижа, тогаш стручниот тим на Центарот за социјална работа превзема активности за ставање на тоа дете под старателство и применува соодветна форма на заштита.

Под старателство се ставаат оние деца кои се лишени од родителски права, а тоа се деца чии родители се умрени, непознати, исчезнати и деца чии родители повремено или трајно не ги извршуваат своите родителски обврски и должности.

При постапката за избор на старател, органот за старателство ја почитува и ја зема во предвид желбата на детето ако е во можност да ја изрази, како и желбата на роднините ако е во интерес на детето. Старателот треба да биде емоционално и социјално зрела личност кој е во состојба да ја прифати одговорноста и да ја исполни обврската што ќе влијае на физички, психички, воспитно образовен и општествен развој на детето.

Според услугите на социјалната заштита може да се погледнат следните податоци изведени во рамките на Државниот завод за Статистика на Република Македонија, за 2014та година, кое се смета за најнови информации во државата во рамките на дадениот домен.

Табела 2. Видови на права на социјална заштита во Македонија за 2014

| Услуги на Социјална Заштита | Деца без родители и родителска грижа |
|---|---|
| Старателство | 1198 |
| Посвојување | 81 |
| Сместување во семејства | 589 |
| Права на социјална помош | 716 |

| | |
|---|---|
| Друга помош | 78 |
| Други услуги од социјална заштита | 1518 |

Извор – Република Македонија Завод за Статистика – Права на социјална заштита на Република Македонија – 2014та година

Република Македонија се фокусира кон давање на социјална помош и заштита особено на чувствителните групи во општеството. Во овие рамки спаѓаат децата, без разлика на нивниот пол, националност, и останатите демографски карактеристики, Владата на Република Македонија како и останатите владини и невладини институции и организации претежно се фокусираат кон тоа да обезбедат што е можно повеќе социјална заштита и сигурност на децата без родители и родителска грижа.

Со таа цел има повеќе организации чија надлежност е токму грижата на децата како една од најчувствителните групи во државата. Меѓуопштинските центри за социјална работа се институции кои со примена на социјална работа спроведуваат целосна социјална заштита за дадените општини, додека пак, во овие рамки се имплементираат и повеќе ефективни мерки и пристапи од страна и на организациите за сместување и згрижување на деца без родители и родителска грижа, со тоа што им се обезбедува сместување, згрижување, целосна здравствена заштита, како и воспитание на деца и млади на кои им е потребно сместување особено во екстремните услови на живеење, зимскиот како и летниот период.

Ваквите организации во Република Македонија, како и многуте активности се наоѓаат во рамките на програмата за згрижување на чувствителната група во општеството, како една од најзначајните групи во една држава, чија иднина се наоѓа токму во нивни раце, па затоа од голема важност е за секоја држава не само за Република Македонија, да биде стриктно фокусирана кон решавање на овој веќе долгогодишен проблем, кој со брзиот и рапиден раст на глобалните и технолошки промени, наместо да се решава уште толку станува обемен и комплексен.

# 2. НОРМАТИВНА РАМКА ЗА СОЦИЈАЛНА ПОДДРШКА

## 2.1 Законска регулатива за социјална заштита во Република Македонија

Дејноста на социјалната заштита всушност се темели на повеќе законодавни рамки и регулативи во чии рамки истите мора да се имплементираат на правилен и ефективен начин, каде во последните години Република Македонија и на ова поле се фокусира да го покаже стандардот на функционалност како и да се ускладат перформансите на функционирање на организациите со европските стандарди како и со стандардите на повисоко развиените земји, кои ваквиот проблем го сфаќаат исклучително сериозно.

Според тоа, во рамките на законската регулатива за социјална заштита на Република Македонија се покриваат повеќе точки и концепти и тоа:

- *Основа на социјална заштита на граѓаните и темелни права на социјална заштита и корисниците на правата од социјалната заштита*
- *Основање и работење на установите за социјална заштита и инвалидски услуги*
- *Темелни права на цивилните жртви и членови на нивните семејства*
- *Основа на заштита на родителите со децата*
- *Финансирање и останати прашања кои се од важност за остварување на темелните права за социјална заштита и заштита на чувствителните групи во општеството*

Според тоа, законската регулатива на Република Македонија, се темели и на принципи кои произлегуваат претежно од меѓународната нормативна рамка, со тоа што се фокусира претежно и на зајакнување на постоечките институции за социјална заштита и инклузија на децата со следење, анализа и унапредување на постоечките рамки на јавната политика, истовремено истакнувајќи ја значајноста на зајакнување на структурата на управување и координација на составот на социјална заштита и сместување и згрижување на децата на сите нивоа на власта (Wolf, 2007).

## Квалитетот на социјалните услуги за деца под старателство

Во овие рамки од голема важност е и воспоставување и спроведување на општинските модели за социјална заштита и згрижување на децата во повеќето нови и веќе постоечки организации и општински и регионални установи. Според тоа, целосната законска регулатива се насочува и кон целосно зајакнување на капацитетот и институционалните механизми на координација и комуникација помеѓу давателите на социјалните услуги и органите надлежни за донесување на одлуките на локално ниво. Подобрата јавна видливост и зајакнување на свеста за постоењето на овој проблем во државата, исто така придонесува значително кон подобрување на услугите на социјалната заштита и згрижување на децата без родители и родителска грижа.

Со донесувањето на Уставот на Република Македонија (чл.1 став 1) според кој таа се декларира како суверена, самостојна, демократска и социјална држава, воедно претставува и појдовна основа на регулативата за социјална заштита и социјална сигурност на граѓаните на Република Македонија во согласност со принципите на социјалната држава. Со оваа уставна одредба се гарантира правото на помош на граѓаните кои не се работно способни, заштита на инвалидизирани лица и обезбедување услови за нивно вклучување во секојдневниот живот. Уставот содржи одредби и во врска со заштита на семејството и децата. Уставот на Република Македонија (чл.40-42) обезбедува посебна грижа и заштита на семејството, а правните односи во бракот, семејството и вонбрачната заедница се уредуваат со закон. Социјалната компонента на државата се состои во создавање услови за социјална заштита и социјална сигурност на граѓаните, со спроведување на социјална политика која е во директна зависност од степенот и динамиката на економскиот развој на Република Македонија.

Уставната определба на Република Македонија како социјална држава се реализира преку Законот за социјална заштита (Службен весник на РМ, бр. 180/14) кој ги предвидува мерките и активностите за спречување и надминување на основните социјални ризици на кои е изложен граѓанинот во текот на животот, за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост и за јакнење на неговиот капацитет за сопствена заштита. Во група на социјални ризици вбројуваме ризици по здравје (болест, повреда, инвалидност), ризици на кои се

изложени семејствата, ризици од невработеност, ризици од сиромаштија и ризици од друг вид на социјална исклученост.

Според тоа, социјалната заштита се остварува преку спроведување на мерки за превенција од настанување и намалување на последиците од социјалните ризици за граѓаните, обезбедување на парични права од доменот на социјална заштита и услуги на стручна работа од страна на стручни лица и стручни тимови, сместување во установа за институционална или вонинституционална заштита.

Во Република Македонија носители на социјалната заштита се Републиката, општината, градот Скопје и општините во градот Скопје во рамките на нивните надлежности според Законот за социјална заштита чл. 3 (Службен весник на РМ, бр.180/14). Република Македонија го воспоставува системот на социјална заштита и го овозможува неговото функционирање, обезбедува услови и мерки за вршење на социјално-заштитна дејност. Системот на социјална заштита во Република Македонија се заснова врз начелата на социјална праведност и солидарност, посебна заштита на немоќните и на неспособните за работа како и посебна грижа и заштита на семејството и на децата без родители и родителска грижа.

Според политичкиот и уставниот систем на Република Македонија социјалната заштита опфаќа збир на дејности, државни органи и други организации насочени кон создавање на услови за живот и напредување во животот на оние лица кои од било кои причини не се во состојба сами да си ги обезбедат тие услови.

Корисници на социјална заштита се државјани на Република Македонија кои имаат постојано живеалиште во Република Македонија и странците кои имаат регулиран престој во Република Македонија. Социјалната заштита опфаќа лица кои во текот на животот се изложени на ризик по здравје, мајчинство и семејство, невработеност, неадаптибилност кон социјалната средина.

## Квалитетот на социјалните услуги за деца под старателство

Доколку ризичната состојба ги надминува капацитетите на семејството, државата превзема соодветни мерки и активности и потребната заштита ја обезбедува преку развиен систем на институционална заштита и формите на вонинституционалната заштита. Системот и организацијата на социјалната заштита го сочинуваат установите, институциите, мерките, активностите и формите коишто се остваруваат во рамките на реализирањето на правата на граѓаните од доменот на социјалната заштита. Според Законот за социјална заштита чл.5 (Службен весник на РМ, бр. 180/14) дејноста на социјалната заштита е од јавен интерес. По барањето за остварување на право за социјална заштита во прв степен решава Центарот за социјална работа надлежен за подрачјето на кое подносителот на барањето има живеалиште или престој.

Сепак, секое општество денес се повикува во границите на своите можности и способности, како и знаења и умешност, во рамките на користењето на своите ресурси, да искаже и покаже што е можно поголем сензибилитет кон de facto најранливата категорија на населението на кое и е потребна посебна грижа и помош низ животот.

Во поширокиот круг лицата на кои им е неопходна ваквата помош како и адекватен и општествено – правен третман се секако и децата. Земајќи го предвид фактот дека динамиката на општествените појави кои не можат да ја заобиколат ниту важноста на семејството и згрижувањето како и прогресот на развојот на детските права, преку интернационализација на уредување на ваквите односи помеѓу децата и останатите членови во општеството, се чини значително оправдано да се постави прашањето на правното нормирање на најадекватниот вид на заштита на децата без родители и родителска грижа.

Со тоа преку посебни правни акти, повеќето владини установи како и здруженија на граѓани се обидуваат да обезбедат што е можно повисок степен на заштита на децата и нивните права преку воведување на што е можно повеќе прилагодливи институти за нивната заштита и згрижување, а сето тоа се остварува преку правилното имплементирање на законодавните норми во самата држава.

## 2.2 Конвенција за правата на детето

Начелата за заштита на децата како најранлива категорија се опфатени со Конвенцијата за правата на детето. Правата на детето се дел од човековите права. Тие претставуваат збир од морални и правни начела со кои се утврдуваат и штитат правата и слободите на секое дете без оглед на неговата раса, пол, етничко, јазично, социјално и друго потекло. Правата на детето меѓусебно се неделиви и универзални. Не постои хиерархија на нивната важност. Конвенцијата за правата на детето е документ кој во 54 члена ги обезбедува фундаменталните права и слобода за децата и ги зема во предвид потребите за помош и заштита во однос на нивната чувствителност. Конвенцијата е усвоена од Генералното собрание на Обединетите Нации на 20 ноември 1989 година, а стапила на сила на 2 септември 1990 година (Watzlawick, Weakland, & Fisch, 2002, стр.37).

Конвенцијата на Обединетите Нации за заштита на правата на детето ја опишува биолошката средина како основна единица на општеството и природната средина за развој и благосостојба на сите нејзини членови, особено на децата (Schene, 2005, стр.22). Но, земајќи предвид дека во сите земји на светот има деца кои живеат во вонредно тешки услови на кои им е неопходна посебна грижа, предвидено е, детето кое привремено или трајно е лишено од семејната средина или на кое во негов најдобар интерес не му е дозволено да остане во тој круг има право на посебна заштита и помош од државата која во согласност со своите национални закони обезбедува згрижување на детето. Детето за да оствари хармоничен развој на личноста треба да расте во атмосфера на среќа, љубов и разбирање.

Република Македонија како потписник на Конвенцијата за правата на детето (држава - членка) ги превзема сите соодветни законски, административни, социјални и образовни мерки за заштита на детето од сите облици на физичко и ментално насилство, повреди и злоупотреби, занемарување или немарен однос, малтретирање или експлоатации, вклучувајќи ја и сексуалната злоупотреба, додека за него се грижат родителите, законските старатели или некое друго лице на кое му е доверена грижата за детето чл. 19 (Конвенција за правата на детето).

## Квалитетот на социјалните услуги за деца под старателство

Конвенцијата за правата на детето е договор за човековите права во кои се утврдени граѓанските, политичките, социјалните, здравствените и културните права на децата. Конвенцијата генерално го дефинира детето како секое човечко суштество кое не навршило 18 години од животот, освен ако врз основа на законот на одредена земја полнолетство не се стекнува порано. Во согласност со Конвенцијата, децата до 18 годишна возраст имаат право на:

- *заштита на најдобриот интерес на детето;*
- *одговорност на родителите, односно родителското право го вршат заеднички и спогодбено и тоа припаѓа подеднакво на двата родитела;*
- *одделување на децата од родителите само кога тоа е од неопходен интерес за децата. Родителот со кој детето не живее има право и должност да одржува лични односи со своето дете;*
- *родителско воспитување во согласност со развојот на способностите на детето;*
- *издржување од страна на родителите;*
- *посебна заштита и помош од државата доколку се деца без родители и родителска грижа и*
- *да бидат посвоени како најдобар облик на заштита на децата без родители и родителска грижа.*

Центарот за социјална работа (по службена должност), граѓаните, институциите, како и здруженијата на граѓани можат да пријават случај ако некои од горенаведениве права на децата се загрозени, со цел да се превземат мерки за нивна заштита.

Конвенцијата на Обединетите Нации за правата на детето има големо значење и претставува најзначаен документ кој ги поставува стандардите за заштита на правата на децата. Содржината на конвенцијата одговара на современите сфаќања на детето со нагласок дека детето треба да расте во семејство, а се залага за заштита на децата од сите облици на злоупотреба, злоставување и дискриминација.

## 2.3 Закон за социјална заштита

По осамостојувањето Република Македонија наследи систем на социјална заштита заснован на голема централизација каде доминантна улога има државата како основен носител на социјалната заштита, а незначително учество има приватниот, здруженијата на граѓани и верскиот сектор. Социјална заштита е од клучно значење за обезбедувањето на социјалната сигурност и благосостојба на граѓаните во секоја социјална држава.

Во текот на последните две децении особено по 2000-та година континуирано се воведуваат промени и се прават обиди за реформирање на системот на социјална заштита во Република Македонија особено во доменот на социјалните услуги. Клучните промени се насочени кон намалување на улогата на државата како основен носител и кон јакнење на нејзината улога како обезбедувач на социјални услуги преку вклучување и на останатите сектори (приватен, здруженија на граѓани и верски) како партнери на државата. Еден од најголемите предизвици во реформските процеси е изградба на локални мрежи од социјални услуги за потребите на граѓаните во секоја општина. Социјалната заштита се остварува преку спроведување на мерки за превенција од настанување и намалување на последиците од социјални ризици за граѓаните, обезбедување на парични права од доменот на социјалната заштита и воспоставување и развој на услугите од доменот на социјална заштита (услуги на стручна работа од страна на стручни лица и стручни тимови, сместување во институционална и вонинституционална заштита) (Борнарова, 2013).

Развојот на социјалните услуги се одвива преку креирање на ефикасни услуги според потребите на корисниците, овозможување достапни услуги за корисниците во нивното место на живеење, воспоставување на конкурентни услуги со цел да се подобри квалитетот, воспоставување на економични социјални услуги, а сето тоа е од големо значење за семејниот развој на децата.

Во Република Македонија овие услуги ги вршат Центрите за социјална работа, а првите центри биле формирани во 1960 година во Скопје, а од 1965 година тие стануваат и

органи за старателство. Социјалната заштита својата дејност ја извршува преку материјална помош (која може да биде финансиска или пак во храна, облека и слично) и преку услугите на социјална заштита (кога на некоја личност и е потребна помош од стручни лица). Некогаш е неопходно и заедницата да се вмеша во некои семејства за да ги заштити децата и да овозможи семејството нормално да функционира.

Врз основа на правата од социјална заштита, а под услови утврдени со закон се превземаат мерки и активности преку кои се остварува социјална превенција, вонинституционална заштита и парична помош. Појдовна станица за добивање помош во скоро сите случаи е Центарот за социјална работа. Остварување на право на социјална услуга пред се зависи од проценка на случајот, односно дали е загрозена безбедноста, дали е ранлива категорија (дете) и дали има повреда. Во зависност од случајот се одредува дали е неодложно, итно или по редовна постапка. Во колку потребата од социјална услуга е итна, веднаш, а најдоцна за 24 часа се превземаат мерки за социјална заштита. Центарот за социјална работа во постапката за ставање на дете под старателство, одлучување за престанок на старателство, разрешување на старателот, мора да се придржува до одредени правила. Центарот за социјална работа покренува иницијатива за ставање под старателство по службена должност секогаш кога ќе се дознае дека за тоа постојат причини. Иницијатива можат да поднесат и здравствени и образовни институции, судот, други државни органи и граѓани. Како надлежен се смета Центарот за социјална работа во местото на живеење, а доколку не може да се утврди местото на живеење, тогаш се постапува според местото каде е пронајдено лицето.

Значаен стратешки документ од областа на социјалната заштита е *Националната програма за развој на социјалната заштита (2011-2021)* со кој се даваат правци на развој на интегриран, транспарентен и одржлив систем на социјална заштита за обезбедување на достапни, ефикасни и квалитетни мерки и услуги креирани според потребите на корисникот. Програмата е ориентирана кон планираните реформи и трансформација на структурата, т.е. носителите на социјалните услуги, вклучувајќи ги и услугите за децата. Програмата предвидува внатрешна реорганизација на Центрите за социјална работа за формирање

посебни одделенија за деца заради поголема специјализација на стручните кадри и зголемување на квалитетот на услугите. Понатаму, предвидено е отварање советувалишта за деца и млади, специјализирани хранителски домови за згрижување на деца со нарушено поведение, дневни центри за деца на улица, дневни центри за корисници на дрога и алкохол, дневни центри за лица со ментална инвалидност и други. Покрај тоа во програмата се планира проширување на превентивните активности, воведување и имплементација на формата социјални центри за социјализација и ресоцијализација на деца со воспитно-социјални проблеми, центри за деца од семејства во социјален ризик, семејна помош и воспоставување на СОС линии за деца и семејства во ризик (МТСП, 2010).

Центрите за социјална работа имаат надлежност да решаваат за правата од социјална заштита (парична помош на дете кое до 18 години возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа, еднократна парична помош и помош во натура, право на здравствена заштита) утврдени со Законот за социјална заштита (Службен весник на РМ, бр.180/14), да решаваат за правата утврдени со Законот за заштита на децата (Службен весник на РМ, бр.23/13, 25/15) како детски додаток, посебен додаток, партиципација, решаваат за работите утврдени со семејно-правните прописи, постапуваат по работите од своја надлежност утврдени со кривично-правните прописи.

## 2.4 Услуги од социјална заштита

Услугите од областа на социјалната заштита бараат постојано приспособување и адаптирање, како на потребите на корисниците, така и на реалните можности на системот и на државата да ги остварува овие услуги. Со Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ, бр.5/02) се воведува децентрализација на дел од социјалните услуги (вонистиционални форми на заштита) од државно на локално ниво, но процесот оди многу бавно. Процесот на деинституционализација започна во согласност со Националната

стратегија за деинституционализација на системот на социјалната заштита во Република Македонија (Димитријоска, 2011, стр79).

Кога станува збор за дефинирање на социјалните услуги во Република Македонија постојат различни дефиниции, но генерално сите се согласуваат една со друга. Социјалните услуги се активности и мерки за помош и поддршка од нефинансиски карактер чија цел е унапредување на социјалното функционирање на поединци, семејства и групи. Се делат на услуги во домашни услови, во локалната заедница, во институција и комбинирани услуги (Борнарова, Спасовска, 2008, стр.94). Овие услуги можат да бидат обезбедени во домот или во институцијата во која се сместени корисниците и доживуваат низа на промени во текот на годините во насока на подобрување и поголема достапност за крајните корисници.

При воспоставувањето на новите социјални услуги во заедницата, Министерството за труд и социјална политика воспоставува соработка со општините, невладиниот сектор и другите засегнати страни. Активностите кои се превземаат на ова поле се во насока на здружување на капацитетите и заедничко создавање на услови за обезбедување на простор, опрема, потребен стручен кадар и финансиски средства за воспоставување на конкретна услуга (Борнарова, 2013, стр.22).

Поради комплексноста на социјалните проблеми се наметнува потребата од координирана, заедничка и организирана акција на различни релевантни институции и организации како во голем број на држави во светот така и во Република Македонија.

Достапноста и можноста за користење на социјалните услуги не само за децата без родители и родителска грижа туку и на оние кои се наоѓаат во своите семејства, од 2012 година почна да се спроведува програма за придружна социјална работа која има за цел да ги доближи овие услуги до крајните корисници.

Социнајалното вклучување на ранливите групи најдобро се остварува преку обезбедување достапност на социјалните услуги во заедницата, развој на услугите според потребите за помош, јакнење на капацитетите на корисниците, отстранување на пречките и

овозможување на еднакви можности за нивно социјално вклучување (Борнарова, 2013, стр.14).

Во новиот и посовремен пристап на социјалните работници и останатите професии кои делуваат во составот на социјалната заштита треба да се припремат за нова улога во контекстот на активната социјална држава пред се. Токму социјалните права имаат кохезивна, развојна улога при што социјалната сигурност, чии темели се социјалните права, отвараат можности на луѓето да бидат активни, да се соочат со ризиците на своето делување, кое позитивно може да влијае на социјалната клима, како и вкупниот општествен развој, особено во рамките на згрижување на чувствителната група во самото општество.

При тоа, основните принципи и начела според кои треба да се водат социјалните услуги и активности се подолу наменетите точки:

- *холистички, сеопфатни со акцент на корисниците, каде треба да се води сметка за потребите на децата*
- *лесно разбирливи за семејствата и децата, достапни во локалните заедници во кои корисниците живеат, и тоа најмногу превентивно во домот на корисникот или заедницата каде самите деца живеат*
- *промовирани повеќе можности во рамките на здравството, образованието, вработувањето и слично*
- *ефикасни и ефективни бидејќи нема средства за сите услуги каде треба секогаш првин да се обезбедат оние најнеопходните со ефективен пристап на нивно имплементирање при реализирање на социјалните услуги*
- *добро управување насочено кон крајниот резултат – во овие рамки од гледна точка на детето и неговите потреби треба да се измери дали и на кој начин користењето на услугите довело до подобрување на квалитетот на животот кај детето.*

Мерките и активностите кои подразбираат ангажирање на повеќето Центри за социјална работа се насочува претежно кон спроведување на згрижувачки мерки кои

функционираат во рамките на законодавните регулативи на самата држава, како и мерките кои центрите ги преземаат на основа на својата одлука.

Од тука, се обезбедува воспитување, развој и образование на децата каде добиваат поддршка во обликувањето на својата иднина со цел да можат да станат самостојни, независни, активни и продуктивни членови во општеството. Секое дете има право на образование со тоа и секое дете добива информации за одредената годишна возраст и својата моментална ситуација и можностите кои во иднина ги има на располагање, во облик и начин кој е прилагодлив и разбирлив за детето. Децата си помагаат во развивањето на приватните вредности, самопочитување и самореализирање, истовремено поттикнувајќи се на креативно размислување и продуктивен однос со својата околина и опкружување. На секое дете преку образованието истовремено му се овозможува развој на социјалните, емоционалните и комуникациските вештини, како и вештини потребни за самостоен живот. На децата им се овозможува оваа социјална заштита, односно услуга преку воспитно–образовни, културни и рекреациски активности и планови со цел да се обезбеди достапноста на овие услуги потребни да се изведат и имплементираат од страна на стручен кадар од дадената област. При тоа се документира, следи и редовно еволуира процесот на учење и напредување на секое дете поединечно.

Исто така социјалните услуги вклучуваат и здравствена заштита и нега во чии рамки се води целосна грижа за телесните, психичките и емоционалните потреби на децата поради нивната општа благосостојба. Децата живеат во здраво опкружување и им се обезбедува и здрава исхрана прилагодена на нивните потреби според годишната возраст.

Според тоа, на децата им се нудат и упати, совети и поддршка поврзана за грижата на нивното здравје и нега, како и приватната хигиена, во рамките со нивните индивидуални потреби, културни навики и желби. Децата добиваат упати и поддршка прилагодена на нивната годишна возраст за социјално здравствените ризици и проблеми со кои секое од нив може да се соочи. Грижата за здравјето и негата се организирани на начин на кој во секој момент се почитува и приватноста и достоинството на детето. Секое дете има јасно напишан

план за грижа за здравјето и негата во рамките на имплементираниот план на социјалната заштита. При тоа, стручните лица истовремено ги промовираат и здравите навики во исхраната, на децата им се обезбедуваат соодветни количини на квалитетна исхрана и пијалаци, каде се уважуваат и нивните желби и здравствени потреби. Исто така, првата помош, лекувањето на полесни болести и давање на лекови може да се спроведува преку стручен кадар кој има извршена соодветна обука за дадената област. Освен тоа, ваквите стручни лица преземаат и алтернативни мерки за спречување на ширење на болести особено каде се сместени поголем број на деца, водејќи евиденција за задолжително имплементирање на неизбежните едукативни мерки за зачувување на здравјето, вклучувајќи ги и систематските годишни прегледи.

Покрај тоа, се истакнуваат социјалните услуги и во полето на законодавните мерки имплементирајќи ја правната помош кон децата без родители и родителска грижа како и сите останати деца кои имаат потреба од социјална заштита. Правната помош пред се ги имплементира потребните и неизбежни мерки со цел да се зачуваат правата на децата како една од најчувствителните групи во општеството, при нивното користење на социјалните услуги и заштита, во овие рамки влегуваат и правата за здравство, правата за оспособување, права за образование, како и целосна заштита на правата на детето како дел од општеството. Помошта за оспособување пред се подразбира засновање на работниот однос на лицата во состојба на социјална потреба за ангажирање на Центрите за социјална работа на припрема на колективата со цел да се прифати самата личност, како и работењето со лицето со цел за успешно вклучување во колективот, односно општеството и насочување на нејзината продуктивност.

Во овие рамки се предвидува и засновање на работен однос над 15 годишна возраст на децата без родители и родителска грижа, на одредено време, како и целосна помош за рехабилитација и заштита на работниците со социјална заштита. Помошта за рехабилитација исто така подразбира и парични средства со цел вклучување и оспособување за работење или професионална рехабилитација на децата на терет на средствата на Центрите за социјална работа, односно службите за социјална заштита.

## Квалитетот на социјалните услуги за деца под старателство

Програмите на социјалната сигурност се темели претежно на придонеси за социјалното осигурување, каде остварувањето на правата на социјалната сигурност и заштита во вид на парични надокнади или во средства, зависи најмногу од евиденцијата во платените средства од страна на поединците. Според тоа, неосигураните лица не можат да остваруваат права на социјална сигурност.

Освен тоа, една од значајните социјални услуги исто така се вбројува и обезбедувањето на личната документација, која се имплементира во рамките на правната помош на детето. Ова е всушност еден вид на законодавно правен протокол чии одредби се однесуваат на постапување на надлежните единици на министерствата надлежни за внатрешните работи во државата, каде се собираат потребните информации за детето без згриженост од родителите, како и причините кои довеле до тоа, подготвувајќи ги неговите лични документи доколку ги нема, активности насочени истовремено и кон утврдување на идентитетот на детето, осигурување на одредена згриженост на неговите документи, како и контакт и соработка со службениците од останатите надлежни единици на министерството надлежно за внатрешните работи во самата држава.

Програмите на социјалната заштита пред се осмислени со цел да понудат сигурносна мрежа или состојба на потреба на лица кои не се опфатени со програмите на социјалната сигурност или за нив се недоволно опфатени за задоволување на одредените минимални стандарди. Правата од областа на социјалната помош се исплаќа во пари или средства, во рамките со разните услови кои треба да се исполнат, а кои се разликуваат од држава до држава.

### 2.4.1 Социјална, примарна превенција

Примарната превенција има за цел создавање на поволни услови за здрав развој на личноста, за намалување на патогените фактори преку заштита на семејството, а со тоа и на

децата преку преземање на многубројни активности и мерки во рамките на социјалната политика и социјалната заштита преку поединци, институции, граѓански сектор и друго.

Со мерки и активности на социјалната превенција се спречува појава на социјални ризици, се врши рано откривање и ран третман на граѓанинот изложен на социјален ризик, со цел за надминување или ублажување на штетните последици од изложеноста на социјален ризик. За остварување на социјалната превенција се превземаат мерки за спречување на социјален ризик за граѓанинот, семејството или група на луѓе преку едукативно-советувалишна работа, развивање на формите на самопомош, волонтерска работа со лично ангажирање и примена на други методи во зависност од потребите на корисниците на социјалната заштита според Законот за социјална заштита чл. 24-25 (Службен весник на РМ, бр.180/14).

Постојано е присутна потребата од превенција како организирана општествена појава за навремено откривање на семејства во ризик и намалување на бројот на деца без родители и родителска грижа. Тоа може да се постигне преку многубројни мерки и активности за намалување на причините кои негативно влијаат на слабеењето на функцијата на семејството, помош и поддршка на непотполни семејства, семејства со ниски примања, семејства со здравствени проблеми. Треба да постои соработка и координираност помеѓу службите, установите, училиштата, здруженија на граѓани за навремено откривање на семејствата каде што родителите од најразлични причини недоволно се грижат за своите деца.

### 2.4.2 Секундарна, вонинституционална заштита

Овој вид на заштита се остварува во и преку Центарот за социјална работа и согласно законската регулатива на Република Македонија, децата без родители и родителска грижа можат да бидат одземени од неадекватната средина во која живеат и преку предвидени

законски форми на заштита, на децата од оваа категорија државата им обезбедува адекватна средина за правилен раст и развој. При процесот на згрижување од клучно значење е најдобриот интерес на детето. Одземањето на детето од родителскиот дом и негово сместување во друга средина во која тоа ќе продолжи да расте и да се развива е процес кој предизвикува огромна промена во животот на детето. Новиот дом за детето значи почеток на нов живот. Квалитетот на живеење во новата средина е од непроценливо значење за понатамошниот развој на детето и во неа тоа треба да ги има сите значајни фактори кои се важни за неговиот правилен развој. Новата средина треба да обезбеди безбедна и мирна атмосфера од која детето било лишено и да понуди сигурност, љубов и поддршка во надминување на трауматските искуства.

Заштитата на децата се реализира преку збир на програми за заштита и грижа и нивниот понатамошен здрав развој. Целта на овие активности е минимизирање или отстранување на условите кои ги доведуваат децата и семејствата во ризик, како и помагање на семејствата како успешно да се грижат за децата, како и заштита на децата од злоупотреба и запоставување. Услугите можат да бидат наменети за директно подобрување на емоционалната и здравствената состојба на детето или активности за надминување на проблемите со однесувањето.

Секундарната превенција опфаќа два модела на заштита на децата. На една страна е моделот на „поддршка“ на родителите за да ги превземаат своите функции во одгледувањето на децата. Овој модел се поистоветува со интервенцијата на социјалните служби кои во партнерство со родителите треба да најдат решение за проблемите со кои се соочуваат. Од друга страна е моделот на „спасување на детето“ кој тргнува од претпоставката дека родителите го загрозуваат интересот на детето со што детето се доведува во ризични услови без неопходна поддршка и сигурност од семејството.

Навременото откривање на семејствата кои недоволно се грижат за детето е доста важно за заштита на интересот на детето. Помошта се врши преку многубројни активности како материјална помош, вклучување во образовниот процес, домашна нега, дневно и

привремено прифаќање како помош на поединци и семејства. Кога овие активности не доведуваат до постигнување на задоволителен резултат, тогаш се применуваат други облици на заштита. Детето се оттргнува од своето биолошко семејство и се сместува во згрижувачко семејство или мал групен дом дури откако ќе се покажат како недоволни и несоодветни сите обиди за грижа на детето од страна на неговите биолошки родители. Исто така потребна е и поголема соработка со останатите членови на поширокото семејство, односно блиски роднини.

Според (Поповска, 2012, стр.1) во установи на вонинституционална заштита спаѓаат:

- *центар за социјална работа;*
- *дневен центар за улични деца-деца на улица;*
- *дневен центар за лица кои употребуваат психотропни супстанции-дрога;*
- *центар за бездомници;*
- *центар за жртви на семејно насилство;*
- *центар за жртви од трговија со луѓе и*
- *дневен центар за лица со телесна и ментална попреченост.*

Секако, Центарот за социјална работа има значајна улога во превенција и рано откривање на семејствата, односно родителите кои не се грижат за своите деца.

Кога се работи за дете без родители, односно во колку се починати или исчезнати, тогаш постапката за заштита на детето се применува веднаш и се донесува брзо и соодветно решение. Формите на заштита и згрижување на децата без родители и родителска грижа се сместување во згрижувачко семејство, посвојување, како и ставање под старателство.

*Сместување во згрижувачко семејство* - Право на сместување во загрижувачко семејство имаат децата кои немаат соодветни услови за живеење во своето семејство или од други причини им е потребно сместување во згрижувачко семејство, а не може да се примени друга форма на заштита.

## Квалитетот на социјалните услуги за деца под старателство

Преку ова форма можат да бидат згрижени деца без родители и родителска грижа, деца со посебни потреби и деца со воспитно социјални проблеми од најразлична возраст, од бебиња до тинејџери, до нивно оспособување за самостоен живот и работа, а најдоцна до завршување на средното образование. Со сместување на детето во згрижувачко семејство не се менува идентитетот на детето и сместувањето има привремен карактер. Сместувањето на детето во згрижувачко семејство може да престане со создавање на услови детето да се врати во биолошкото семејство или со примена на друг облик на заштита доколку е во негов интерес. Детето сместено во згрижувачко семејство одржува контакти со родителите, освен во случаи кога тоа го загрозува неговиот интерес.

Треба да бидат запазени одредени критериуми при избор на згрижувачко семејство како возраста, степенот на образование, здравствената состојба како и моралните вредности, материјалните и станбените услови на згрижувачите. Покрај надоместокот за згрижување наведен во договорот, згрижувачкото семејство има право на еднократна парична помош при самото сместување на детето во семејството како и можност да остварува детски додаток, а доколку се сместува дете со одредена попреченост, може да користи и посебен додаток.

*Посвојување* - Друг вид на заштита на децата без родители и родителска грижа е посвојувањето, доколку е во интерес на детето, а може да биде посвоено само малолетно лице. Со самото посвојување се задоволуваат потребите на детето, на биолошките родители, на посвоителите и се создаваат односи какви што настануваат со раѓањето на детето. Постапката за посвојување се води преку Центарот за социјална работа и Комисијата за посвојување при Министерството за труд и социјална политика, а се остварува преку примена на Законот за семејство (Службен весник на РМ, бр. 153/14) и Законот за општа управна постапка (Службен весник на РМ, бр. 38/11). Исто така на овој тим се приклучуваат и социјален работник, педагог, психолог и правник.

Самиот чин на посвојување е доброволен, но за негово реализирање потребно е поднесување на соодветна документација од страна на потенцијалните посвоители. Разликата во години помеѓу детето и посвоителите (мајката или таткото) не смее да биде

поголема од 45 години. Со посвојувањето престанува старателството врз детето. Посвоител по правило може да биде државјанин на Република Македонија, а по исклучок може да биде и лице кое е странски државјанин. Посвојувањето од страна на странски државјанин може да се издаде само ако детето не може да биде посвоено на територијата на Република Македонија, а се извршува во согласност со Комисијата за посвојување и по предлог на Центарот за социјална работа.

*Ставање на дете под старателство* - Старателството претставува дел од семејното право кој е познат уште од далечното минато, бидејќи во својот развиток се организирало во рамките на семејството, посебно во однос на малолетно лице. Старателството може да се дефинира како правен институт со посебна заштита на деца без родители и родителска грижа, возрасни лица кои се лишени од деловна способност и други лица кои не се во состојба или немаат можност сами да ги штитат своите права и интереси. Старателскиот орган е најзначајниот фактор во вршење на старателството, носител е на сите активности и е одговорен за остварување на задачите на старателството, а воедно и иницијатор за сите работи и непосреден извршител.

Во Центарот за социјална работа се вршат работи во надлежност на органот за старателство и се применуваат различни постапки, методи и техники во зависност од потребите. Во овие активности учествува тим од социјален работник, педагог, психолог и правник.

Старателството се појавува во оној момент кога на едно дете му недостига родителска грижа како и на полнолетно лице кое не е во можност само да се грижи за себе и своите интереси. Целта на старателството е згрижување, воспитување, образување како и обезбедување на имотни и правни интереси на лицата ставени под старателство. Постапката едно дете да се стави под старателство започнува веднаш, а паралелно со тоа се превземаат и потребни мерки за заштита на личноста, имотот и правниот интерес на детето. При избор на старател во прв ред се зема предвид желбата на детето во колку е во можност да ја изрази, како и желбите на сродникот. Детето кое е ставено под старателство може да се стекне и со

право на постојана парична помош доколку нема приходи врз основа на имот и не остварува средства врз основа на други приходи. Со стекнување на ова право детето, односно старателот има можност да оствари и право на детски додаток. Задачите на органот за старателство се непосредно извршување на работите на старателството и вршење надзор над работата на старателот.

### 2.4.3 Терцијална, институционална заштита

Одземањето на детето од родителскиот дом и негово сместување во друга средина во која тоа ќе продолжи да расте и да се развива е процес кој предизвикува огромна промена во животот на детето.

Центарот за социјална работа го врши спроведувањето на детето во установа, а при тоа е важно да се согледа целокупната животна ситуација на детето и да се избере облик на сместување кој е најдобар и најефикасен за неговата заштита. Со проценка од страна на стручните тимови во центрите за социјална работа, детето се упатува во установа кога ќе се процени дека овој облик на заштита е најсоодветен. Една од задачите на стручниот тим на Центарот за социјална работа е да работи со неговото семејство. Меѓутоа, во најголем број случаи децата остануваат во установите до оспособување за самостоен живот или до полнолетство иако имаат живи родители (Watzlawick, Weakland, & Fisch, 2002, стр.47).

Понекогаш се случува институциите да не се во можност да одговорат на реалните потреби на децата згрижени во нив, па кај голем број деца се појавува недоверба, повлекување, агресивност, хиперактивност, проблематично однесување, потешкотии во комуникацијата, доцнење во развојот, потешкотии при прилагодување кон другите деца од иста возраст, а кај некои деца овие проблеми можат да доминираат во текот на целиот живот.

## Квалитетот на социјалните услуги за деца под старателство

За да може едно дете да развива цврсти односи на зближување, потребно е оние кои се грижат за него јасно да ги изразуваат своите чувства кон детето, а со тек на време и самото дете на овие чувства адекватно ќе возврати.

Институционалната заштита опфаќа право на оспособување за работно производствена активност и право на сместување во установа за социјална заштита. Според Законот за социјална заштита чл.43 (Службен весник на РМ, бр.180/14) право на сместување во установа се обезбедува на дете без родители и родителска грижа до оспособување за самостоен живот и работа, а најдоцна до завршување на средното образование ако не постојат можности згрижувањето и воспитувањето да се обезбедат на друг начин.

Терцијарната превенција е збир на постапки и активности за социјализација на детето без родители и родителска грижа. По надминувањето на проблемите детето се подготвува за враќање во биолошкото семејство или се оспособува за самостоен живот. Во склоп на овие активности е и постојаната соработка со семејството, со блиските роднини на детето, како и со околината за да можат да го прифатат детето по излегување од установата. Во колку се работи за дете со одредена попреченост во развојот, тогаш се спроведува соодветна рехабилитација која е индивидуална за секое дете. Голема помош за згрижувачкото семејство кое во својот дом се грижи за дете со умерена попреченост е да му се овозможи на детето да престојува во дневен центар за деца со посебни потреби, каде се организираат најразлични активности соодветни за деца со посебни потреби, а тоа се игри, прошетки, подготвување на просториите, дворот итн.

Институционалната форма на заштита на деца без родители и родителска грижа се спроведува спрема возраста на децата:

- *Установи за сместување деца без родители и родителска грижа се:*

1) Дом за доенчиња и мали деца - Битола (деца до три години);

2) Детски дом „11 Октомври“ - Скопје (деца од 3 до 18 години);

3) СОС Детско село - Скопје (деца од 0 до 26 години);

*Дом за доенчиња и мали деца – Битола* е установа за згрижување, нега, исхрана и стимулација на деца од 0 до 3 годишна возраст, останати без родители и родителска грижа и располага со капацитет од 120 легла. За децата се грижи стручна служба за социјална, здравствена психолошка и педагошка дејност. Приоритетна цел на службите во установата е да им се помогне на децата, да се унапреди нивото на грижа за нив, да се подобрат стимулативните и воспитните методи за подобар развој на постоечките развојни потенцијали, а пред се најголема заложба е престојот на децата во оваа установа да биде што пократок.

*Детскиот дом „11 Октомври"- Скопје* има развиено своја база на податоци за деца без родители и родителска грижа, кои се сместени во самата установа. Во базата на податоци при тоа, се наоѓаат и личните досиеја на секое дете, во кои покрај личните, и останатите релевантни податоци за детето се наоѓаат и неговите приватни документи, лекарските наоди, и слични значајни документи.

Детскиот дом „11 Октомври" е јавна установа за сместување на деца и младинци без родители и родителска грижа над тригодишна возраст. Домот обезбедува згрижување (домување, исхрана, облекување, нега и грижа) на децата до обезбедување на услови за нивно враќање во семејството, односно до оспособување за самостоен живот и работа, а најдолго 6 месеци по завршувањето на средното образование, ако не постојат можности згрижувањето да се обезбеди на друг начин. Според Законот за социјална заштита чл. 117 став 1 (Службен весник на РМ, бр.180/14) установата за сместување на деца без родители и родителска грижа над три годишна возраст е должна на децата и младите лица да им обезбеди посетување на основно и средно образование во соодветна установа, организирање стручна помош за успешно совладување на воспитно-образовните програми, како и да се грижи за нивното здравје. Во установата функционираат десетина воспитни групи кои бројат максимум до 14 деца. Групите по својот состав се хетерогени по пол, возраст, национален состав и ментална развиеност.

## Квалитетот на социјалните услуги за деца под старателство

Оваа установа, инаку претставува една од позначајните установи за згрижување на деца без родители во Република Македонија. Доставувајќи ја својата надлежност и истовремено водејќи ефективно работење при евидентирање на секој родител, преку периодично направени документации се одликува како една од најсовремените установи во рамките на справување со ваквите социјални проблематики во државата.

*СОС Детско село – Скопје* започна да функционира во мај 2002 година и располага со 12 семејни куќи и пет дополнителни објекти и е во можност да згрижи 84 деца без родители и родителска грижа, по седум во секое семејство.

Центарот за социјална работа според тоа исполнува и неколку стандарди кои се однесуваат во рамките на неколкуте искуства на околу 32 земји во Европа. Стандардите во оваа организација имаат за цел да понудат целосна поддршка на децата и младите лица без родителска грижа, биолошките родители, лицата кои се грижат за децата, организациите кои се грижат за децата, службите за заштита на децата како и институциите и владата.

Стандардите кои оваа организација ги исполнува се состојат и од неколку точки кои се поделени во неколку фази на грижа и тоа:

- *Процес на одлучување и прием*
- *Процес на грижа*
- *Напуштање на грижата*

Секој стандард ги има следните елементи и тоа назив и опис на стандардот, избраните одговорности и должности на дефинираната област на одговорноста на сите учесници кои се вклучени во имплементација на одредените проекти со цел згрижување и поддршка на децата без родители и останатите чувствителни групи во општеството на одредена годишна возраст.

При тоа, во рамките на нивната функционалност се одредуваат и неколку насоки кои се од голема важност за нивната имплементација на ефективните мерки со кои значително се

олеснува работењето на владините и останатите организации со справување на овој се повеќе обемен проблем – згрижување на децата без родители и родителска грижа во Република Македонија, истовремено насочувајќи се при нивното работење да исполнат одредени повисоки европски стандарди при справување во дадениот домен.

### 2.4.4 Права на парична помош од социјална заштита

#### Парична помош на дете кое до 18 годишна возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа

До 18 годишна возраст децата без родители и родителска грижа остваруваат повеќе институционални права (сместување во дом, семејство или установа), а по навршување 18 години, но најмногу до 26 години државата на овие лица им обезбедува парична помош заради задоволување на основните егзистенцијални потреби по напуштање на домот, семејството или установата во која биле сместени. Право на ваква парична помош има лице кое нема приходи и имот од кој може да се издржува до наполнување на 26 години и изнесува 4.000 денари. Исто така ова право на парична помош можат да го користат лицата кои по навршување на 18 години го продолжат школувањето и до Центарот за социјална работа достават потврда дека се на редовно школување, како и секоја следна година треба да доставуваат потврда најдоцна до крајот на септември за тековната 2015 година.

Лице кое до 18 години имало статус на дете без родители и родителска грижа има право на парична помош за студирање во висина од 12.000 денари месечно доколку користи социјален стан под закуп или 24.000 денари во колку не користи социјален стан под закуп. Паричната помош престанува со решение на Центарот за социјална работа кога лицето ќе наврши 26 години, ако се вработи или се стекне со приходи од кои може да се издржува.

## Квалитетот на социјалните услуги за деца под старателство

### Еднократна парична помош и помош во натура

Овој вид на парична помош се доделува на лице или семејство во случај на елементарна непогода, епидемија, подолго лекување во здравствена установа. Под помош во натура се подразбира обезбедување на облека, исхрана и други средства кои се неопходни за минимална егзистенција на граѓанинот и семејството.

Правото на еднократна парична помош се определува за секој центар поодделно во зависност од вкупниот број на жители на подрачјето за кое е надлежен центарот, а паричните средства се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија во случаи на вонредно загрозување на населението од поголеми размери.

Како што рековме, во зависност од вкупниот број на жители се определува износот на еднократната парична помош на годишно ниво и изнесува 300.000 денари годишно до 10.000 жители и 900.000 денари годишно за над 100.001 жител.

За потребите на дете-жртва на семејно насилство за обезбедување на итна заштита и згрижување еднократната парична помош изнесува до 12.000 денари.

Износот на еднократната парична помош може да изнесува до 15.000 денари за потребите на членот на семејството кое е лице со пречки во менталниот развој или лице со трајна телесна попреченост.

Исто така еднократна парична помош може да изнесува до 30.000 денари во случај на:

- *природна непогода (земјотрес, пожар, поплава, епидемија);*
- *лице кое има потреба од оперативен зафат во странство и*
- *станбено необезбедено лице кое е корисник на постојана парична помош, со што му се обезбедува нужно сместување.*

Износот на еднократна парична помош може да изнесува и до 180.000 денари за дете или младинец без родители и родителска грижа кој по наполнување на 18 години ја

напушта установата или згрижувачкото семејство заради адаптирање во социјалната средина.

### Право на здравствена заштита

Според Законот за социјална заштита чл.84 (Службен весник на РМ, бр. 180/14), право на здравствена заштита имаат корисниците на:

- *постојана парична помош;*
- *лица сместени во установа за социјална заштита (за институционална или вонинституционална заштита);*
- *лица сместени во згрижувачко семејство;*
- *корисници на паричен надоместок за помош и нега од друго лице;*
- *лице кое до 18 години имало статус на дете без родители и родителска грижа и е корисник на социјална парична помош;*
- *лице кое е жртва на семејно насилство за кое се превзема мерка за заштита согласно со Законот за семејство и*
- *лице кое е жртва на трговија со луѓе.*

## 2.5 Закони и права за заштита на децата

Министерството за труд и социјална политика и Владата на Република Македонија превземаат голем број мерки и активности за заштита на семејствата со деца. Во Законот за заштита на децата чл. 2 (Службен весник на РМ, бр.25/15) стои дека заштитата на децата е организирана дејност заснована на правата на децата, како и правата и обврските на родителите и на државата за планирање на семејството, обезбедување услови и животен стандард што одговара на физичкиот, менталниот, емоционалниот, моралниот и социјалниот развој на децата и обврските на државата во создавање на услови за водење хумана популациона политика, давање соодветна материјална помош на родителите според

можностите на државата за издржување, подигнување, грижа и заштита на децата и организирање и обезбедување на развој на установи и служби за заштита на децата.

Секое дете ужива тројна заштита: семејно-правна, социјално-правна и државно-правна заштита. Најпримарна е семејно-правната заштита затоа што детето се раѓа во семејството и постојано е врзано за него. Социјално-правната заштита се остварува според Законот за заштита на децата (Службен весник на РМ, бр.23/13, 25/15), Законот за социјална заштита (Службен весник на РМ, бр.180/14), (консолидиран текст, јануари 2015) и други системски прописи.

Постои разлика меѓу правата и облиците на заштита на децата. Правата за заштита на децата се лични и непреносливи и имаат социјално-заштитен карактер и тоа право на детски додаток; право на посебен додаток и партиципација.

**Право на детски додаток -** Детскиот додаток претставува паричен надоместок кој служи за покривање на дел од трошоците во подигањето и развојот на детето. За стекнување на ова право потребно е исполнување на следниве со закон пропишани услови според кои право на детски додаток има само еден од родителите на детето со постојано место на живеење во Република Македонија, потоа детето треба да е државјанин на Република Македонија и да е на школување во Република Македонија, а доколку не е државјанин на Република Македонија тогаш се применува постапка на взаемност и меѓународни договори.

Исто така право на детски додаток може да оствари и старател или лице на кое со решение на надлежниот Центар за социјална работа му е доверено детето и живее во семејство со него. Детскиот додаток се остварува во зависност од возраста на детето и материјалната состојба на семејството, односно за семејства со пониски примања. Право на детски додаток се обезбедува на дете до наполнување 18 години доколку е на редовно школување. Дете кое е наполно и трајно или подолго од една година остане неспособно за работа пред наполнети 15 години или за време на редовното школување, има право на детски додаток за време траење на неспособноста, но најдолго до 18 годишна возраст. По исклучок, право на детски додаток има дете кое поради болест или повреда е спречено редовно да

посетува настава и заради таквата спреченост вонредно го продолжува образованието согласно со закон. Детски додаток следува за децата што родителот ги издржува и тоа за деца родени во брак или вон брак, посвоени деца, внуци, браќа, сестри како и за други деца земени на издржување. За децата земени на издржување, детски додаток следува и кога тие имаат родители но родителите им се наполно или трајно неспособни за работа, кога се на издржување казна затвор или ако им е одземено родителското право. Детски додаток исто така следува кога и родителите и децата немаат имот или приходи од кои децата можат да се издржуваат. Детски додаток следува и за дете без родители и родителска грижа, а е сместено во згрижувачко семејство според Законот за заштита на децата чл. 25-26 (Службен весник на РМ, бр. 25/15).

Материјалната состојба на семејството се утврдува врз основа на приходите кои ги остварува семејството и бројот на членовите на семејството. Како приходи се сметаат приходите остварени по сите основи на сите членови на семејството и тоа:

- *нето плата и надоместок на плата;*
- *пензија;*
- *надоместок по основ на невработеност;*
- *приходи по основ на имот и имотни права;*
- *приходи по основ на вршење земјоделска дејност;*
- *приходи од самовработување;*
- *приходи од трговско друштво или приватна установа во сопственост на член на семејството;*
- *приходи по основ на привремена работа во странство;*
- *издржување врз основа на закон или судска одлука;*
- *камати на штедни влогови;*
- *алиментација и стипендии.*

Како приходи не се сметаат посебен додаток, надоместоци за телесно оштетување, паричен надоместок за помош и нега од друго лице, еднократна парична помош, родителски додаток за дете, приходите на згрижувачкото семејство, паричен надоместок за трошоците

за згрижувачко лице во згрижувачко семејство и алиментација која ја дава родителот за издршка на детето од разведен брак. Видот на документите кои што треба да се поднесат за да се оствари правото на детски додаток зависат од тоа кои услови за остварување на ова право се исполнети.

При утврдување на правото на детски додаток, вкупно остварените приходи во претходната година на сите членови во семејството поединечно се собираат и се делат со 12, односно за онолку месеци за колку се остварени. Просечните месечни приходи на семејството се собираат и се делат со бројот на членови на семејството. Право на детски додаток има дете во семејство чии приходи по сите основи по член на семејство изнесуваат до 2.490 денари, а за дете на самохран родител пресметковниот износ се зголемува за 75 % и изнесува 4.980 денари. Износите се усогласуваат со порастот на трошоците за живот за претходната година објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година 2015 година.

Документите се поднесуваат во меѓуопштинскиот Центар за социјална работа, каде што се врши и исплатата. Меѓуопштинскиот Центар за социјална работа му издава решение за детски додаток на лицето кое поднело барање. Валидноста на решението е една година доколку кај корисниците нема промени во семејната и материјалната состојба, со можност за продолжување.

*Висината на детскиот додаток изнесува:*

1. за дете до 15 години се додека е редовен ученик во основно училиште 4,60% од просечната плата исплатена по вработен во Република Македонија во првата половина од претходната година или 716 денари и

2. за дете на возраст од 15 до 18 години додека е редовен ученик во средното училиште 7,30 % од просечната плата исплатена по вработен во Република Македонија во првата половина од претходната година или 1.136 денари. Со право на детски додаток можат да се стекнат и децата ставени под старателство кои не се институционално згрижени, како и децата сместени во згрижувачки семејства.

## Квалитетот на социјалните услуги за деца под старателство

Според Законот за заштита на децата чл.30 (Службен весник на РМ, бр.25/15), детски додаток не следува:

- за дете кое поради воспитување, школување или оспособување е во завод или установа во кои целосно бесплатно е згрижено за време додека е во заводот или установата и
- за дете државјанин на Република Македонија за кое родителот остварил право на детски додаток согласно со прописите на друга држава.

**Право на посебен додаток** - Право на заштита на децата е и посебниот додаток кој е наменет за деца со специфични потреби кои имаат пречки во телесниот или интелектуалниот развој или комбинирани пречки во развојот до 26 години живот.

Право на посебен додаток има еден од родителите на детето за дете државјанин на Република Македонија со постојано место на живеење во Македонија до навршени 26 години, доколку не е институционално згрижено на товар на државата. Висината на посебниот додаток изнесува 5252,50 денари и во иднина ќе се усогласува со порастот на трошоците на живот за претходната година објавен од Државниот завод за статистика во Јануари за тековната 2015 година.

**Партиципација** - Во зависност од материјалната состојба на семејството, се обезбедува партиципација за трошоците за згрижување и воспитание и одмор и рекреација на деца во јавна установа. Одмор и рекреација на децата е облик на заштита на децата што како дејност се организира за престој, активен одмор, социјализација на децата, воспитни, образовни, културно-забавни, спортско-рекреативни и други активности до 18 годишна возраст за развивање на психомоторниот развој и способност за договарање, почитување на разликите и соработка во групи, способност за прифаќање на себеси и другите и ориентација во просторот. Одмор и рекреација како дејност се применува преку организирање и спроведување програм за зимување, летување, настава во природа, екскурзии, кампување, излети и слично (Watzlawick, Weakland, & Fisch, 2002, стр.21).

Партиципацијата се обезбедува во цената на услугата што ја плаќа родителот. Обемот на услугата која се плаќа од страна на корисникот и роднините кои според закон се должни

да го издржуваат сместеното лице, ја сочинуваат личните трошоци на корисникот за исхрана, облека, хигиена и други лични потреби во зависност од возраста, здравствената состојба, воспитно-образовниот процес и слично.

Сите овие видови на помош се наменети за семејства со деца од најразлична возраст и потреби на детето, со цел да се заштити семејството и детето и материјално да му се помогне на семејството.

Личните трошоци на корисникот, се пресметуваат како вкупен износ за вкалкулираните потреби за еден месец и во зависност од видот на корисникот изнесуваат:

- *за дете без родители и родителска грижа од предучилишна возраст - 40,00% од основицата;*
- *за дете без родители и родителска грижа на училишна возраст - 44,00% од основицата;*
- *за дете со воспитно социјални проблеми - 45,50% од основицата;*
- *за дете со нарушено општествено поведение - 47,80% од основицата;*
- *за лице со умерени и тешки пречки во интелектуалниот развој и лице упатено на оспособување за работно - производна активност - 47,65% од основицата;*
- *за лице со најтешки пречки во интелектуалниот развој - 49,35% од основицата;*
- *за лице со трајна телесна попреченост на кое му е потребно згрижување и нега - 48,00% од основицата;*
- *за возрасно лице со пречки во интелектуалниот развој - 43,80%од основицата;*

Основицата од која е пресметана висината на личните трошоци е просечната месечна нето плата по работник во Република Македонија, остварена во претходната година.

Корисник на услугата - сместување во установа за социјална заштита или во згрижувачко семејство и неговите роднини кои според закон се должни да го издржуваат и чии редовни месечни приходи по член на семејството се пониски од 25% од основицата и не поседуваат недвижен имот кој не го користат за живеење или друг имот од кој можат да

остваруваат дополнителни приходи, целосно се ослободуваат од плаќањето на услугата за сместувањето. Партиципацијата се обезбедува од Буџетот на Републиката.

# 3. СТАРАТЕЛСТВО

Старателството во правна смисла се дефинира како однос кој се воспоставува помеѓу малолетно или полнолетно лице за кое се смета дека нема правна способност за донесување на лични одлуки и лице (старател) кој е поставен да донесува одлуки во нивно име. Правниот механизам на старателството постои скоро во секој правен систем. Старателството има големо влијание врз животот на лицата кои ги штити. Од ова произлегува дека старателството претставува со закон регулирана заштита која државата ја дава на децата кон кои родителите не го вршат своето родителско право и на полнолетни лица кои не се во можност самите да се заштитат себеси и имотните права. Од самиот поим старателство произлегуваат целите и задачите кои се сведуваат на заштита на децата кон кои родителите не го вршат родителското право, заштита на интересите на лицата кои се лишени од деловна способност како и заштита на имотот.

Една од дефинициите за старателство ја дал германскиот правник Ханс Деле: Под старателство се подразбира грижа која ја води едно лице (старател) под надзор на државата над личноста и имотот на личноста за кого се смета дека не е во состојба сам да се грижи за себе, а не постои некоја друга законска заштита".

Под поимот старателство правната наука подразбира со закон организирана заштита:

- *врз малолетни лица кои не се под родителска грижа;*
- *врз полнолетни лица кои не се способни сами да се грижат за себе, за своите права и интереси и*
- *обезбедува заштита и на малолетни лица жртви на трговија со луѓе* (Trevarthen, 1980, стр.1-34).

За децата кои живеат со своите родители се грижат нивните родители. Меѓутоа, за децата без родителска грижа како и за полнолетни лица на кои им е одземена или ограничена деловната способност, потребно е да се одреди кој ќе ја превземе грижата за нив.

## Квалитетот на социјалните услуги за деца под старателство

Во секое општество постојат лица кои не се во можност сами да се грижат за себе, за своите права и интереси. Некогаш, најважната улога во грижата за овие лица ја имало семејството. Традиционалното, големо семејство, покрај останатото ја вршело оваа заштитна функција. Со намалување на семејството, тоа веќе не е во состојба да ја врши ова функција. Државата заедно со сите други многубројни функции, над себе ја превзема и оваа функција. Оваа грижа најнапред се однесувала за децата за кои неможат да се грижат нивните родители, а потоа и на возрасни, полнолетни лица кои не се во состојба, најчесто заради болест да се грижат за себе, за личните права и интереси. Според (Вујовић, 2006, стр.59) кај старателството разликуваме три негови составни елементи и тоа:

- *лице за чија личност и права некој се грижи,*
- *лице кое се грижи за друг и*
- *орган кој е овластен од државата да организира заштита на личност и имот на некое лице.*

Лице за чија личност и права некој се грижи, всушност е лицето кое е ставено под старателство. За ова лице е ангажирана државата која преку свој претставник врши заштита. Тоа се најчесто деца без родители и родителска грижа или полнолетни лица кои не се во можност сами за себе да се грижат или се спречени да се грижат за своите права и интереси.

Лицето кое е поставено да се грижи за лицето ставено под старателство, за неговите права и интереси и да го застапува е старателот. Старателот во вршење на својата функција е релативно самостоен.

Третиот составен елемент е органот на старателство. Како основен орган за старателство во Република Македонија е Центарот за социјална работа.

Основниот Закон за старателство донесен на 1 април 1947 година предвидува и обврска за водење на старателски книги заради евиденција на лицата под старателство, како и за дејствата што се превземаат во текот на остварувањето на задачите на старателството. Во овој закон постои одредба според која работите на старателството ќе ги врши општински орган на старателство, оставајќи можност за конкретизација на

републиките. Врз основа на ова, во минатото во Република Македонија со законот за изменување и дополнување на законот за вршење на старателство од 13 април 1965 година, како орган за старателство за првпат се појавува Центарот за социјална работа во општините каде постои, а во општините каде што нема таков центар, задачата ја врши органот на управата надлежен за социјална заштита. Во денешни услови старателството е регулирано со важечкиот Закон за семејство чл. 124 – 178 (Службен весник на РМ, бр. 153/14).

### 3.1 Старател и видови старатели

Работите околу старателството ги извршува Центарот за социјална работа посредно, преку старател, доколку не одлучи должноста старател да ја врши непосредно, односно самиот Центар за социјална работа да биде старател. Зборот „старател“ се користи како термин за сите видови на старателство без да се даваат некои посебни термини за старатели на малолетни лица, за лицата на кои им е одземена деловната способност или за старателите во посебните случаи. Содржината и обемот на овластувањето на старателот се во зависност од потребите на лицето ставено под старателство.

Старател е по правило физичко лице кое со одлука и под надзор на Центарот за социјална работа се грижи за заштита на личните и имотни права на лицето под старателство.

Старател може да биде и правно лице единствено кога таа должност непосредно ја врши Центарот за социјална работа. Во решението со кое се одредува непосредното старателство, Центарот за социјална работа мора да обезбеди свое стручно лице (физичко лице) кое во негово име и под негов надзор ќе ја врши улогата на старател.

За да може едно физичко лице да биде старател потребна е и негова согласност. Според Законот за семејство чл. 135 (Службен весник на РМ, бр. 153/14) за старател се поставува лице кое има лични својства за вршење на должноста старател, а кое претходно ќе даде согласност да биде старател. Иако секое физичко лице под определени услови со закон

може да биде старател, сепак предност се дава на блиските роднини, а секако дека најважна е желбата на лицето кое се става под старателство во колку може да ја изрази.

Сите работи старателот ги извршува под надзор на Центарот за социјална работа што претставува и основна разлика помеѓу оваа заштита и онаа која ја вршат родителите.

Центарот за социјална работа врши проценка на работата на старателот и неговата ангажираност и превзема соодветни мерки кога старателот не ја врши својата функција како што треба. Сепак, поголем дел од секојдневните работи старателот ги извршува сам, затоа што само така може заштитата да биде ефикасна. Неговата самостојност во работата е насочена кон извршување на работата на старателството во најдобар интерес детето. Имајќи го сето ова во предвид, може да кажеме дека старател е деловно способно физичко, а и правно лице, кое го поставува Центарот за социјална работа самостојно и свесно да се грижи за друго лице кое не е во состојба да се грижи за себе, за своите права и интереси, по негово претходно согласување и сето тоа под надзор на Центарот за социјална работа.

Во Законот за семејство чл.139 (Службен весник на РМ, бр.153/14) се наведува дека старател не може да биде лице:

- *на кое му е одземено родителското право;*
- *на кое му е одземена или ограничена деловната способност;*
- *чии интереси се во спротивност со интересите на лицето под старателство;*
- *од кое, со оглед на неговото поранешно и сегашно поведение „личните својства и односите со лицето под старателство и неговите родители, не може да се очекува дека правилно ќе ја врши старателската функција".*

Законот не врши класификација на старателите туку за сите нив ги определува само околностите поради кои може или не може едно лице да биде старател, како и нивните задачи со оглед на видот на старателството. Тргнувајќи од бројот на лицата кои им се доверени, старателите ги делиме во три групи:

## Квалитетот на социјалните услуги за деца под старателство

*Индивидуален старател* - овој старател е лице кое со решение од Центарот за социјална работа е поставен за поединечен (индивидуален) старател над едно лице. Овој старател може да се грижи и за повеќе лица ставени под старателство, но за секое од нив со посебно решение од страна на Центарот за социјална работа. Индивидуалниот старател е основна врста на старател и е најчесто застапен.

*Колективен старател* - ја врши старателската должност истовремено над повеќе лица. Порано директорот на институцијата за социјална заштита бил старател на сите лица во институцијата. Денеска старател може да биде и лице вработено во таа институција, а и за него важат истите правила како и за директорот во однос на должноста. Тоа лице е одговорно за вршење на старателската функција, но не значи дека треба да води непосредна грижа за лицата. Функцијата на колективен старател престанува со напуштање на институцијата од страна на лицето.

*Групен старател* - е лице кое ја врши старателската должност над повеќе лица ставени под старателство. За секое лице поединечно, Центарот за социјална работа треба да донесе посебно, индивидуално решение, проценувајќи ги условите во секој поединечен случај.

Според природата и обемот на дејноста што ја вршат, старателите ги делиме на три групи:

*Матичен старател* - е лице кое се грижи само за лицето за кое е назначен, додека грижата за имотот се доверува на друг посебен старател. Тој е должен да се грижи за неговото здравје, подигање, воспитување и образование.

*Старател над имот* - е посебен старател кој се грижи само за имотот. Овој вид на старател се назначува кога лицето под старателство има имот надвор од местото на надлежниот Центар за социјална работа.

*Посебен старател* - е лице кое се грижи за некое одделно право на дете кое се наоѓа под родителска грижа или има назначен постојан старател. Овој старател се назначува заради

заштита на интересите на детето за некој определен конкретен случај (за водење спор, за склучување некое правно дело помеѓу детето и неговите родители или старател).

Во зависност од времетраењето на старателската должност, старателите ги делиме во две групи (Вујовић, 2006, стр. 66):

*Траен (постојан) старател* - се поставува над секое лице под старателство. Неговата должност не е ограничена и трае се додека не настанат причини за престанок на неговата должност.

*Привремен старател* - понекогаш, кога ситуацијата го налага тоа, се поставува старател за одредено време, а најчесто само за конкретен случај.

Овој вид на старател се поставува и врз лице кое веќе има траен старател и на дете под родителска грижа. Ваква одлука се донесува само ако се процени дека тоа е неопходно поради привремена заштита на личноста, правата и интересите на тие лица. Правата и должностите на овој старател се многу помали во однос на трајниот старател. Тој не се грижи за заштита на сите права и интереси на едно лице, туку само за одредена правна работа или имот. Обично се работи за спор пред судските органи. Некои од најчестите случаи каде се поставува привремен старател се:

- *лице чие живеалиште е непознато;*
- *непознат сопственик на имот;*
- *лице чии интереси се спротивни со интересите на неговиот законски застапник (колизијски старател);*
- *странски државјанин кој има имот на територијата на Република Македонија;*
- *лице кое настојува да му се постави привремен старател, а за тоа треба да ја наведе причината;*
- *на друго лице предвидено со закон.*

## 3.2 Орган за старателство – Центар за социјална работа

Работите околу организирањето на старателството ги извршува посебен орган - орган за старателство, а тоа е Центарот за социјална работа. Надлежноста на Центарот за социјална работа се определува спрема местото на живеење на лицето кое треба да се стави под старателство, а во колку нема живеалиште, тогаш според местото на престој, а тоа зависи од моментот кога настанале тие услови (Вујовић, 2006, стр.38).

Задачите на Центарот за социјална работа произлегуваат од самата цел на старателството, а тоа е заштита на потребите и интересите на лицето под старателство. Работите на Центарот за социјална работа можеме да ги групираме во три категории.

**Непосредно старателство -** Правило е Центарот за социјална работа да поставува старател кој ќе се грижи за заштита на правата и интересите на лицето под старателство. Меѓутоа, тој има дискреционо право ако е тоа во интерес на детето, да на лицето под старателство не постави старател, туку должноста на старател да ја врши непосредно. Непосредното старателство во праксата понекогаш се покажува како неопходно и како единствен излез од ситуацијата. Старателската должност е доброволна, па во некои случаи кога никој не сака да ја прифати, а органот за старателство мора секогаш да ја врши својата старателска должност, не преостанува друга можност освен самиот себе да се назначи за старател. Исто така, Центарот за социјална работа може да ги менува своите порано донесени решенија кога тоа е во интерес на детето, ако со тоа не се засегнуваат правата на трети лица (Wolf, 2007, стр.119).

Како друга должност на Центарот за социјална работа е водење евиденција и документација за лицата под старателство. За да се стави едно дете под старателство и за престанок на старателството, органот за старателство е должен во рок од 15 дена по нивната правосилност да ги достави документите до матичарот заради упис во матичната книга на родени, а доколку лицето има имот треба да се доставaт до надлежниот орган. Непосредното старателство во некои случаи се јавува како пожелно, кога за успешна заштита на лицето под

старателство е потребно посебно стручно знаење на старателот. Во вакви случаи органот за старателство назначен како старател има поголеми овластувања од родителите околу грижата и заштитата над детето.

### 3.3 Раководење и постапки за старателство

Кога ќе се јави потреба некое дете да се стави под старателство, веднаш се превземаат потребни мерки за заштита. Центарот за социјална работа веднаш започнува постапка и превзема мерки за заштита на правата и интересите на детето кое треба да се стави под старателство. Во подготвителната фаза, органот за старателство ги користи сите видови на социјална заштита и услугите на социјалните, здравствените, образовно-воспитните организации. Потоа се донесува одлука (решение) за одредување на старател, а во прв ред се почитуваат желбите на лицето кое треба да биде ставено под старателство, ако е во можност да ги изрази. Во предвид се земаат и желбите на неговите блиски роднини. Доколку лицето под старателство има имот, тогаш се врши попис и проценка на имотот и се предава на управување на старателот.

Откако ќе биде назначен старател, Центарот за социјална работа е должен да ја следи работата т.е. да врши надзор врз работата на старателот. За да се извршува овој надзор, старателот е должен до Центарот за социјална работа да поднесува извештај за својата работа. Тие извештаи можат да бидат редовни, но и вонредни секогаш кога постои сомневање во работата на старателот. Во врска со поднесените извештаи, Центарот за социјална работа може да превземе соодветни мерки кон старателот. Тоа може да доведе и до разрешување на старателот од неговата должност. Меѓутоа, Центарот за социјална работа врз основа на извештаите може и да го награди старателот. Органот за старателство е должен во рок од 15 дена да одговори на извештаите.

## Квалитетот на социјалните услуги за деца под старателство

**Започнување постапка за старателство -** Оној момент кога Центарот за социјална работа ќе дознае за потребата дека некое лице треба да се стави под старателство, должен е веднаш да примени некој облик на заштита по службена должност. Иницијатива за започнување на постапката може да ја поттикнат и здравствените, образовните, правосудните и другите државни органи, потоа здруженија и граѓани.

Постапката ја води надлежниот Центар за социјална работа каде лицето живее или доколку нема познато живеалиште се одредува спрема моменталниот престој. Во оваа постапката јавноста е исклучена. Постапката е итна, бидејќи станува збор за дете без родители и родителска грижа или полнолетно лице кое не може самото да се грижи за себе. Не чекајќи го донесувањето на решението, Центарот за социјална работа по итна постапка, а најмногу за 24 часа од моментот на известување е должен да донесе заклучок за обезбедување на сместување на лицето. Но, ова сместување не е конечно, туку е привремено додека да се донесе решение за ставање под старателство. Детето може да биде сместено во некоја установа за воспитување или во социјална, здравствена или друга установа раководејќи се од конкретните потреби во тој момент.

Ако лицето има имот, тогаш Центарот за социјална работа е должен во рок од 8 дена од примeното известување да изврши попис на имотот. На овој начин се врши заштита на имотот, а пописот го врши посебна комисија на Центарот за социјална работа.

**Донесување решение за ставање под старателство и поставување на старател -** Ако Центарот за социјална работа врз основа на собраните докази смета дека едно лице треба да се стави под старателство, тогаш се донесува одлука (решение) за ставање под старателство наведувајќи ги причините поради кои е донесена таквата одлука. Ова решение, Центарот за социјална работа е должен да го донесе веднаш, а најкасно 15 дена од денот кога е известен, односно од денот на приемот на судската одлука кога полнолетно лице е лишено од деловна способност. Центарот за социјална работа го доставува ова решение до лицето ставено под старателство, до неговите блиски роднини и до трети лица кои за тоа имаат

правен интерес. Доставувањето на решението до овие лица е поврзано со правото на приговор, односно жалба.

Одлуката за ставање на дете под старателство треба да содржи и план за старателство. Во овој план однапред се предвидуваат активностите кои мора да се превземат околу заштитата на личноста и неговиот имот. Овој план зависи од конкретните околности кај секое лице во зависност од неговата возраст, здравствената состојба, семејната состојба, имот и други околности кои се застапени во дадениот момент. Решението содржи и одлука за негово сместување иако претходно по итна постапка е одлучено за ова прашање. Лицето кое треба да се стави под старателство најнапред се сместува кај сродници ако за тоа постојат услови, потоа може да се смести во хранителско семејство или во соодветна институција за сместување на деца или возрасни лица. Со донесеното решение, Центарот за социјална работа поставува старател и ги одредува неговите права и должности. Ако лицето кое треба да биде ставено под старателство има имот, тогаш се врши попис и проценка на вредноста на имотот од страна на посебна комисија на Центарот за социјална работа. Решението се доставува до надлежниот матичар кој што води матична книга на родени за деца под старателство. Ако лицето поседува имот, решението се доставува и до надлежниот орган за внесување на имотот во јавен регистар на недвижности (катастар).

Старателот ја започнува својата должност кога ќе го добие решението и од тој момент се смета дека е запознаен со правата и должностите. Центарот за социјална работа е должен при изборот на старател да тргне од интересите на детето во колку може да ги изрази, а и да ги земе во прв план личните својства и способноста на лицето кое се зема предвид да се постави за старател. Особено внимание се посветува на неговиот однос спрема детето кое треба да се стави под старателство, како и неговиот однос воопшто спрема луѓето, работата, спрема семејството и средината во која тој живее и работи.

Трошоците за спроведување на мерките што се превземаат околу старателството се покриваат од приходите на лицето под старателство, од средствата добиени од лица кои се должни да му даваат издржување, од имотот на лицето, од средствата остварени како право

од социјална заштита и од други извори според Законот за семејство чл.133 (Службен весник на РМ, бр.153/14).

За старател се поставува физичко лице кое е деловно способно. Освен ова, тоа лице мора да има и одредени лични карактеристики и способност за извршување на должноста старател. Во предвид се зема и неговото дотогашно искуство и неговиот однос кон лицето врз кое треба да биде старател. Исто така во предвид се зема и желбата на детето кое треба да се стави под старателство, ако е во можност да ја изрази.

Еден од важните предуслови за успешно извршување на должноста старател е и доброволноста во неговото прифаќање. Било какво присилување не би довело до успешно извршување на должноста старател.

Порано, кога старателството имало семеен карактер, при изборот на старател се тргнувало од волјата на неговите родители доколку таткото тоа го назначил во својот тестамент. Ако родителите тоа пропуштиле да го сторат, за старател било назначувано лице од редот на блиските роднини, а доколку и на таков начин не може да се изврши избор на старател, тогаш тој бил назначуван од страна на судот.

На Центарот за социјална работа е оставена слобода, да имајќи ги во предвид и сите други околности најде најпогодно решение за детето.

Според Законот за семејство чл. 139 (Службен весник на РМ, бр.153/14) старател не може да биде лице на кое му е одземено родителското право, лице на кое му е одземена или ограничена деловната способност, лице чии интереси се во спротивност со интересите на лицата под старателство, односно кое не дава гаранција дека правилно ќе го воспита и одгледа и лице кое со оглед на неговото поранешно и сегашно поведение, личните својства и односите со детето и неговите родители не може да се очекува дека правилно ќе ја врши старателската функција.

## Квалитетот на социјалните услуги за деца под старателство

Како што претходно спомнавме, старателската должност е доброволна и таа се врши од хумани причини без надоместок, а ако старателската функција ја врши близок роднина тогаш уште е поголемо чувството на солидарност, љубов и почит кон детето.

Меѓутоа, не е исклучена можноста старателот да не ја врши совесно својата должност. Во тој случај доаѓа до занемарување на грижата за личноста и имотот на лицето ставено под старателство, а некогаш таа должност може да биде и злоупотребена.

Старателот се наоѓа под постојана контрола и надзор на Центарот за социјална работа. Тоа се постигнува пред се, врз основа на извештаите кои старателот е должен да ги поднесува до Центарот за социјална работа. По потреба овие извештаи можат да бидат проверувани и Центарот за социјална работа може да дојде до сознанија за пропусти во вршење на старателската должност, со што може да се доведе во прашање одговорноста на старателот. Одговорноста може да биде имотно- правна и кривично-правна.

Кога станува збор за имотно-правна одговорност, старателот сам одговара за штетата што ја направил кон лицето под старателство, а исто така и за штетата која лицето под старателство ја предизвикува кон трети лица. Оваа обврска на старателот произлегува од општите услови за неговата должност, а тоа е да се грижи за личноста и да управува со неговиот имот. Старателот е должен сам да ја надокнади штетата која ја предизвикал вршејќи ја должноста на старател. Доколку не покаже такво внимание, тогаш ќе биде одговорен за неправилно и незаинтересирано вршење на старателската должност. Старателот ќе одговара за направената штета по основа на вина.

Во зависност од карактерот на одговорноста за штета, постојат повеќе мислења. Според едно мислење, старателот одговара за штета само ако се докаже неговата вина, а теретот на докажување паѓа на оштетената страна, односно на лицето под старателство. Според друго мислење, вината на старателот се претпоставува. Старателот се смета за виновен, но нема да одговара за штетата ако докаже дека не е виновен. Овој став произлегува од општите одредби на Законот за облигациони односи чл.141 (Службен весник на РМ, бр. 161/09) кој на друг предизвикува штета должен е да ја надокнади, доколку не докаже дека

штетата настанала без негова вина. Старателот ќе одговара за штетата која ја предизвикал на лицето под старателство, освен ако не докаже дека штетата настанала без негова вина. Вината на старателот постои кога штетата ја предизвикал намерно или од невнимание. Центарот за социјална работа е должен да ја утврди висината на штетата и да го повика старателот во одреден рок да ја надомести. Истовремено Центарот за социјална работа треба да поднесе барање до надлежниот суд заради обезбедување на побарувањето на лицето под старателство врз имотот на старателот. Ако старателот не ја надомести штетата во определениот рок, тогаш Центарот за социјална работа непосредно или преку посебен старател назначен за тој случај, ќе поднесе тужба за надомест на штета до надлежниот суд против старателот.

Доколку лицето под старателство нанесе штета на трети лица, тогаш за тоа е одговорен и старателот. Одговорноста на старателот во овој случај се изедначува со одговорноста на родителите, а произлегува од занемарување на обврската да се врши надзор над лицето кое му е доверено на старателот.

Кривично-правната одговорност се применува против старателот кој ги злоупотребува своите овластувања при вршење на старателската должност. Овде станува збор за заштита на личноста под старателство. Таа злоупотреба може да биде имотна и морална.

Ако се работи за имотна злоупотреба, се предвидува освен другите санкции (затворска казна), старателот од страна на судот да биде задолжен да ја надомести настанатата штета (ако по минимална цена го продал имотот на лицето под старателство).

Кога станува збор за морална злоупотреба (блудни дејства) се предвидува затворска казна според кривичните дела против достоинството на личноста и моралот.

Центарот за социјална работа во пракса ги врши работите на старателството главно преку старатели. Тоа значи дека сите должности и задачи што стојат пред Центарот за социјална работа истовремено се и задачи и должности на самиот старател. Но, со оглед на тоа дека во секој конкретен случај тие задачи се различни, Центарот за социјална работа при

поставувањето на едно лице за старател е должен да го определи обемот на задачите и овластувањата што ги има старателот вршејќи ја својата старателска должност. При вршење на својата должност старателот освен обврски и должности, има и определени законски права.

Правата на старателот можеме да ги поделиме на:

Право на надоместок на трошоците - е законско право и старателот има право на надоместок на „оправдани" трошоци остварени во извршувањето на својата должност на старател. Станува збор за трошоци направени во врска со заштита на личноста, неговиот имот и при застапување на лицето под старателство, а кои во одредени случаи на друг начин не може да се надокнадат. Оправданоста на трошоците ја проценува Центарот за социјална работа. Овие трошоци во никој случај не може да паднат на товар на старателот. Надоместокот на трошоците пред се се врши од приходите на лицето под старателство, освен ако со тоа не се загрозува неговото издржување. Ако лицето под старателство нема приходи тогаш трошоците се надокнадуваат од неговиот имот, а ако нема ни имот тогаш трошоците паѓаат на товар на буџетот на Република Македонија.

Право на награда - не е задолжително право и не му припаѓа на секој старател, бидејќи старателството е доброволно и се извршува без било каков паричен надоместок. Но, според Законот за семејство чл. 152 (Службен весник на РМ, бр. 153/14), Центарот за социјална работа може на старателот да му определи и надоместок како награда, ако вложил дополнителен труд и се истакнал во вршењето на своите должности. Во секој случај се чини логично дека висината на наградата зависи од резултатот кој старателот го постигнал во извршување на својата должност, а тие резултати ќе бидат видливи после поднесување на редовни, вонредни и завршни извештаи.

Средствата од кои се исплатува наградата се врши од приходите на лицето под старателство доколку со тоа не се загрозува неговото издржување. Во случај да нема средства, тие трошоци ќе паднат на товар на буџетот на Република Македонија.

## Квалитетот на социјалните услуги за деца под старателство

Постојат многубројни должности и овластувања кои треба да ги извршува старателот над лицето ставено под старателство. Тие се различни и зависат од видот на старателството и од други околности во секој конкретен случај. Некои должности се карактеристични за секој случај, а други се специфични во зависност од видот на старателството. Врз основа на ова, должностите на старателот ги делиме во две групи и тоа:

Должности според видот на старателство - тука спаѓаат должности на старателот над малолетно лице, над лице лишено од деловна способност, во посебни случаи и кај деца-жртви на трговија со луѓе. Сите овие должности ќе ги разгледаме подоцна при опишување на одделните видови на старателство.

Општи должности - се карактеристични за сите видови на старателство, а тие должности се грижа за личноста, за имотот, застапување, обезбедување материјални средства, поднесување извештај за работата.

- Грижата за личноста е прва и основна должност поради која едно лице се става под старателство. Старателот е должен да се грижи за личноста, нејзините права и интереси, а какви мерки ќе превземе старателот, зависи од секој конкретен случај.

- Грижа за имотот и имотно-правните интереси се однесува за лицето ставено под старателство доколку има движен или недвижен имот. Најпрво, Центарот за социјална работа преку својата посебна комисија ќе изврши проценка и попис на имотот доколку го има, а пред да го предаде на управување на старателот. Откако ќе се издаде решение за старателство, старателот самостојно управува со имотот, плаќа данок на имот и други обврски. Но, доколку старателот сака да превземе некоја поважна работа во врска со имотот, тогаш тој е должен за тоа да се посоветува и со лицето ставено под старателство што зависи од неговата психичка состојба. Според Законот за семејство чл.142 (Службен весник на РМ, бр.153/14), старателот не може да дава подароци или да превзема други дејствија со имотот на лицето под старателство без надомест и не може лицето под старателство да го обврзува како гарант. Центарот за социјална работа ја определува и намената на добиените средства и врши надзор над нивната употреба.

- Застапување на лицето под старателство - како законски застапник се јавува старателот. Застапувањето се однесува на сите правни дела што старателот во рамките на своите овластувања ќе ги превзема во име и за сметка на лицето под старателство, како и кон трети лица. Центарот за социјална работа може и сам да го застапува лицето под старателство и тоа кога должноста старател ја врши непосредно, ако му ги ограничил овластувањата на старателот и ако решил лицето под старателство да го застапува само тој.

- Обезбедување на материјални средства - Центарот за социјална работа е должен да ги превземе сите потребни мерки за да се обезбедат неопходни материјални средства за лицето под старателство доколку тоа не располага со никакви материјални средства. Трошоците за спроведување на мерките што се превземаат во интерес на лицето под старателство се покриваат од неговите приходи, од средствата добиени од родителите, од имотот доколку го има, од средствата добиени по основа на социјална заштита и од други извори.

- Поднесување извештај за работата - старателот е должен на Центарот за социјална работа да му поднесува годишен извештај за својата работа, кога тоа ќе го побара Центарот за социјална работа и кога ќе му престане должноста старател. Во извештајот, старателот е должен да поднесе „отчет“ за својата работа, а посебно да се види дали старателот се грижи за личноста, за условите на неговото сместување, за неговото здравје, воспитување и образование, како и се друго што е од значење за лицето под старателство. Исто така извештајот треба да содржи и податоци за управувањето и располагањето со имотот и за сите негови приходи и расходи во изминатата година. Центарот за социјална работа е должен да го испита извештајот за работата на старателот. Покрај контролата што ја врши Центарот за социјална работа преку извештаите, тој е должен и со личен увид да врши надзор и контрола врз старателот за да види како ја врши својата должност.

Должноста на старателот престанува кога ќе престане потребата за старателство. Меѓутоа, ова е само еден од начините на престанок на должноста старател. Во други случаи

предвидени со закон, кога престанува должноста старател не престанува и старателството. Во тие случаи на лицето под старателство се поставува друг старател.

Престанок на должноста старател поради смрт на старателот - Должноста на старателот е строго поврзана за личноста, па престанува во моментот на смрт на старателот. Штом дознае за смртта на старателот, Центарот за социјална работа е должен веднаш да ги превземе сите потребни мерки за заштита на интересите на лицето под старателство и да му постави нов старател. Пред тоа мора да ја утврди постоечката состојба во поглед на личноста и имотот на лицето под старателство, за што треба да го извести новиот старател (Матилов, 2002, стр.44).

Ослободување од старателска должност по барање на старателот - Центарот за социјална работа ќе го ослободи старателот од старателската должност кога тоа ќе биде побарано од него без да ги објаснува причините за тоа. Ова решение е во склад со доброволното извршување на старателската должност. Рокот за донесување решение за престанок на старателската должност од страна на Центарот за социјална работа изнесува два месеца од денот кога старателот побарал ослободување од неговата должност.

Престанок на должноста старател поради престанок на старателството - Престанок на должноста старател и престанок на старателството се два посебни случаи кои можат, но не мора да настанат истовремено. Со престанок на должноста старател не престанува и потребата од старателство над тоа лице. Но, престанокот на потребата од старателство секогаш доведува до престанок на должноста на старателот. Должноста старател и потребата од старателство истовремено престануваат само кога е исполнета целта на старателството. Тоа се случува кога малолетното лице станало полнолетно и деловно способно и кога ќе биде извршена работата што старателот ја добил само за еден конкретен случај.

Разрешување на старателот по службена должност - Старателот ќе биде разрешен од страна на Центарот за социјална работа по службена должност во неколку случаи. Во некои од овие случаи, одлуката за разрешување од страна на Центарот за социјална работа се донесува без утврдување на причините за разрешување, додека во други случаи

разрешувањето се донесува откако ќе се утврдат причините во постапката. Центарот за социјална работа ќе го разреши старателот кога ќе утврди дека тој од било која причина престанал да ја извршува должноста или ги злоупотребува правата, односно ја запоставува должноста на старател. Старателот во вториот случај ќе биде разрешен ако настанат причини поради кои едно лице не може да биде поставено за старател (ако биде лишен од деловна способност или од родителско право). Освен овие, за некои околности може и потоа да се дознае, како што е нетрпеливост на старателот со сродниците на лицето под старателство. И во двата случаи, Центарот за социјална работа е должен решението за разрешување да го донесе без одложување, а најдоцна во рок од еден месец од денот на поведување на постапката.

Постојат и други случаи каде старателот може да се разреши по службена должност. За разлика од претходните, во овие случаи одлуката за разрешување се донесува тек после спроведената постапка пред Центарот за социјална работа кој што ги утврдил причините за разрешување. Тоа се случаи кога Центарот за социјална работа ќе утврди дека старателот својата должност не ја извршува совесно или кога за лицето под старателство е подобро да се постави друго лице за старател. Несовесното вршење на старателската должност е причина за разрешување на старателот. Кога Центарот за социјална работа ќе најде личност која е попогодна за старател од онаа која до тогаш ја вршела таа должност, тогаш разрешувањето се врши во рок од 30 дена откако е започната постапката. По разрешувањето, старателот е должен да поднесе завршен извештај за имотот на лицето под старателство. До поставување на нов старател, Центарот за социјална работа е должен да ги превземе сите мерки за заштита на интересите на лицето под старателство. Жалба против ова решение за разрешување, старателот може да поднесе жалба во рок од 15 дена од приемот на решение.

### 3.4 Старателство за посебни случаи

Можат да се назначат старатели и за посебни случаи заради заштита на некои права на одделни лица или заради заштита на нивните имотно-правни интереси.

*Старател на лице со непознато место на живеење* - Старател може да се постави и на лице чие место на живеење е непознато, а се претпоставува дека е живо. Да се постави ваков старател потребно е да бидат исполнети одредени услови:

- *да не е познат престојот на лицето кое се смета дека е отсутно;*
- *отсутното лице да нема поставено полномошник, ниту да има законски застапник кој би се грижел за неговите права и*
- *да постои потреба да се заштити некое негово право или да се превземе некоја правна работа* (Вујовић, 2006).

Можно е и да се знае местото во кое лицето престојува, ама не се знае каде живее, така да не е можно да се изврши доставување на неговата адреса со што би му била дадена можност да извршува некое свое право. Потребно е престојот да е непознат подолго време. Во решението во кое се поставува старател, Центарот за социјална работа ќе одреди која правна работа може да се превземе за да се заштитат правата и интересите на тоа лице. Отсутното лице доколку е деловно способно, може и само да превзема некои правни работи. Но, доколку исти правни работи превземе и неговиот старател, според граѓанското право за временски приоритет ќе се земе во предвид онаа правна работа која е претходно превземена. Должноста на овој старател престанува кога лицето ќе се врати или ќе постави полномошник, ако умре или се дознае за неговата адреса.

*Старател над непознат сопственик на имот* - Доколку на одредена територија се пронајде имот чиј сопственик е непознат, потребно е да се постави старател кој ќе ги штити правата и интересите на сопственикот. Во овој случај надлежен е Центарот за социјална работа на територијата на која се наоѓа имотот.

Старателот се поставува за да води грижа за имотот додека не се појави сопственикот и е овластен да превзема мерки околу одржување и управување на тој имот. Доколку е потребно, ако постои можност имотот да пропадне, старателот може со одобрување на органот за старателство имотот и да го продаде, а парите од продажбата на имотот да ги депонира и чува додека сопственикот не се појави. Поставувањето на ваков вид на старател може понекогаш да биде предвидено и со некои други прописи. Во Законот за наследување чл.126 (Службен весник на РМ, бр.74/08) предвиден е случај на поставување на старател на оставина. Интересно е што во овој случај старателот на оставината го поставува судот, а потоа ќе го извести Центарот за социјална работа. Овој старател се поставува во случаи кога не е познато името на наследникот или неговото живеалиште. Должност на овој старател е во име на непознати наследници да тужи и наплатува побарувања за оставината или исплатува долгови на доверители. Должноста на старателот на имотот чиј што сопственик е непознат престанува кога ќе се појави сопственикот.

*Колизијски старател* - Може да се појави недоразбирање или различни интереси помеѓу законскиот застапник и лицето кое тој го застапува (малолетник под родителска грижа, посвоеник). Разлика во интереси може да се јави и меѓу лица кои имаат ист законски застапник (помеѓу две лица кои имаат заеднички старател). Проблем може да се појави ако законскиот застапник и лицето кое тој го застапува во постапката се со спротивни мислења. Во тој случај, застапувањето на деловно неспособното лице со законскиот застапник (родител, постојан старател, посвоеник) преминува на колизијскиот старател и тоа само во правната постапка за која е поставен. Овој старател може да го постави Центарот за социјална работа, судот или некој друг орган каде се води постапка за правата на детето. Должноста на колизијскиот старател престанува кога ќе заврши постапката во која постоеле различни интереси меѓу законскиот старател и лицето за кое тој се грижи.

*Старател над странски државјанин* - Според меѓународното право, заштитата на правата и интересите на странците се спроведува спрема одредени прописи доколку со меѓународен договор не е предвидено друго решение. Но, доколку дипломатско-конзуларното претставништво на странската земја од објективни причини не е во можност да

даде заштита на својот граѓанин, тоа ќе го стори нашиот Центар за социјална работа. Надлежен ќе биде Центарот за социјална работа каде странецот престојува или живее, а доколку нема престој кај нас, тогаш надлежен е органот за старателство на територијата каде странецот ќе се затекне. Тоа се случаи кога малолетно лице неочекувано останува без родители (сообраќајна незгода). Значи, во прашање се случаи кога треба едно лице да се стави под старателство, но според прописите на нашата земја. Во решението на Центарот за социјална работа кој поставува старател врз ова лице, треба да бидат одредени и задачите кои ќе ги врши. Должноста на овој старател престанува кога надлежниот орган на странската држава ќе го превземе старателството за својот државјанин или кога ќе престане потребата за него.

*Волно старателство* - Можно е органот за старателство да постави привремен старател на едно лице и на негово барање. Станува збор за лице кое не е во можност само да се грижи за своите права и интереси најчесто од здравствени причини. Овие лица би можеле да поставaт полномошник за извршување на своите работи, но заради својата здравствена состојба, тие не се во можност успешно да вршат надзор врз нивната работа.

Над овој старател надзорот го врши Центарот за социјална работа кој е овластен да ги процени причините кои ги наведува лицето во своето барање за поставување на старател. Во колку Центарот за социјална работа заклучи дека има потреба за поставување на овој старател, тогаш ќе донесе и решение во кое ќе се утврдат неговите овластувања и должности.

*Старател над тешко болно лице* - Често пати е потребно тешко болно или немоќно лице да превземе некое дејствие заради заштита на своите права и интереси, но тоа не може да го стори ниту пак да назначи свој застапник. Во овој случај Центарот за социјална работа може да му постави старател за вршење на определена работа. Старателот над тешко болно и немоќно лице ја извршува само онаа правна работа за која е назначен, а старателството престанува штом определената работа заврши.

*Старател над лице лишено од слобода* - И лицето кое е лишено од слобода и се наоѓа на издржување казна, може да се најде во ситуација да има потреба да превземе некоја

работа за заштита на своите права и интереси. Доколку нема свој застапник, тогаш Центарот за социјална работа може да му назначи старател. Старателската должност престанува штом се заврши определената работа.

### 3.5 Старателство над малолетни лица

Родителите имаат првенствено должност и право да се грижат за своите деца. Меѓутоа, во некои случаи родителите тоа не го прават од различни причини. Бидејќи децата не се во состојба поради својата возраст сами да се грижат за себе, таа грижа за нив мора да ја превземе некој друг. Пред сите, тоа е должност на државата, која тоа го извршува преку соодветен орган за заштита на малолетните лица, а тоа е Центарот за социјална работа. Над децата се започнува постапка за старателство и се поставува старател.

Причини за ставање на малолетни лица под старателство - секое дете кое ќе остане без родители и родителска грижа се става под старателство. Едно дете ќе биде ставено под старателство ако:

- *детето нема живи родители;*
- *родителите се непознати или не е познат нивниот престој;*
- *родителите се лишени од вршење на родителско право спрема сите свои деца;*
- *родителите се лишени од деловна способност и самите се ставени под старателство;*
- *родителите подолго време го запоставиле чувањето и воспитувањето на децата;*
- *родителите се трајно спречени да го вршат родителското право поради болест, отсутност, издржување казна затвор* (Trevithick, 2006, стр.60).

Должности на старателот над малолетно лице - старателот е должен совесно да се грижи за личноста на детето, а посебно за неговото чување, подигање, воспитување и образование за што побрзо да се оспособи за самостоен живот.

## Квалитетот на социјалните услуги за деца под старателство

Чување и подигање - старателите, слично на родителите имаат првенствено должност да се грижат за чување и подигање на детето. Но, содржината на овие должности во овој случај е различна. Старателот не е должен да живее со детето, односно да го земе кај себе. Старателот е должен да му обезбеди соодветно сместување. Оваа одлука старателот не може да ја донесе без одобрување на Центарот за социјална работа, кој врши контрола дали сместувањето е во склад со интересите на детето. Во отсуство на овие лица-старатели, детето ќе биде сместено во згрижувачко семејство или во некоја соодветна институција која се занимава со чување и воспитување. И оваа одлука се донесува само со согласност на Центарот за социјална работа. Старателот може детето да го смести и кај себе, со што во повеќето случаи би било најдобро за детето, затоа што постојано ќе биде во контакт и под непосредна контрола на старателот. Во пракса, детето најчесто живее со старателот ако е тој негов близок сродник. Чувањето на детето подразбира и грижа за неговиот живот како најголема вредност. Станува збор за создавање на поволни услови за неговите физиолошки, здравствени, хигиенски и други потреби. Подигањето на детето подразбира подмирување на неговите секојдневни потреби за исхрана, облека, обувки, обезбедување здравствена заштита.

Воспитување и образование - старателот е должен да обезбеди на детето најдобри можности за воспитување и образование. Тој мора да настојува од детето да створи социјална личност која по полнолетството ќе може активно и самостојно да се вклучи во животот. Старателот ова го постигнува пред се во соработка со семејството или со институцијата каде е сместено детето. Старателот е должен да му овозможи основно образование. Исто како и родителот, старателот е должен да му обезбеди образование соодветно со верските и етичките уверувања на родителите на детето. Во случај ако дојде до проблеми во однесувањето на детето, тогаш само на основа на одлука на судот, може да се упати во некоја институција за воспитување или спрема него да се изрече некоја друга воспитна мерка. Додека трае ова сместување, старателот и понатаму го застапува детето и води општа грижа за неговото воспитување и образование. Според Законот за семејство чл.162 (Службен весник на РМ, бр.153/14) малолетник под старателство кој наполнил 15 години од животот може сам, без одобрение од старателот да заснова работен однос и

слободно да располага со остварената плата, при што е должен сам да придонесува за своето издржување, воспитание и стручно образование.

Грижа за имотот и издржување на малолетното лице - старателот не е должен да го издржува детето. Меѓутоа, тој е должен да му обезбеди издржување во секој момент за да не биде доведена во прашање неговата егзистенција. За постигнување на оваа цел, на располагање на старателот стојат повеќе можни извори:

- *мораат да се користат средства кои лицето под старателство ги остварува во вид на заработка или приход од неговиот имот;*
- *средства кои што е должен да ги дава родителот или други сродник врз основа на законска обврска за издржување;*
- *од средства кои се остваруваат од основниот имот;*
- *средства добиени по основ на социјална заштита и други облици на заштита и помош;*
- *од други извори - поклони, стипендии, награди.*

Управување и располагање со имотот на малолетното лице - оваа должност ја извршува старателот во рамките на своите овластувања, совесно управува со имотот и настојува правилно да се искористува. Старателот е должен при вршењето на ова должност секогаш да води сметка за интересите на детето, па од него се очекува да управува и да располага со имотот како добар домаќин, односно како родител имотот да го чува од пропаѓање. За да може имотот да се обезбеди од несовесно работење на старателот, предвидена е и една превентивна мерка - по превземање на должноста од страна на старателот, имотот мора да се процени и да се изврши попис, а потоа да му се предаде на старателот да управува со него. Имотот може да се користи само за потребите на негово издржување, воспитување и образование. Старателот не може да го користи имотот на детето за свои потреби, но од него може на старателот да му се исплати награда. Располагање со имотот може да се оствари само во точно определени случаи и тоа единствено со претходна согласност од Центарот за социјална работа. Малолетното лице

кога ќе наполни 15 години, се здобива со право своите правни дела да ги врши само, но за да имаат правна сила потребно е одобрение од старателот.

*Застапување на детето* - Старателот е законски застапник и негово право и должност е во име и на сметка на детето да извршува правни работи и превзема работи поврзани со неговата личност и имот. Старателот го застапува малолетното лице исто како што родителот го застапува своето дете. Старателот како законски застапник, освен застапувања во областа на правните работи има задача да се грижи и за личноста. Старателот може самостојно да го застапува детето и да превзема работи кои се однесуваат за грижа и заштита на личноста и имотот. Секојдневните работи и работи кои периодично се повторуваат се мерки кои се однесуваат на секојдневна грижа околу исхраната, облекувањето, воспитувањето, образованието. Во ова група спаѓаат и работи кои се поврзани со имотот, како што се редовно управување со имотот, наплата на кирија, плаќање данок и други давачки. Одредени работи за да ги извршува старателот потребна е претходна согласност од Центарот за социјална работа.

Во превземање на поважни мерки во поглед на личноста на детето, старателот може само со претходна согласност на Центарот за социјална работа да одлучи за школување и за превземање на медицински зафати.

Во поглед на имотот на детето, старателот може само со претходна согласност на Центарот за социјална работа да склучува работи како што се располагање, односно отуѓување или оптеретување на недвижности и располагање со движен имот кој има голема вредност.

Работи кои старателот не може да ги превземе - за некои работи, старателот не може да го застапува лицето под старателство. Тие работи ги превзема самото лице под старателство или Центарот за социјална работа му поставува посебен старател за одреден случај. Старателот не може да го застапува детето во работи кои се строго врзани за неговата личност. Тој не може во име на малолетникот кој навршил 16 години да склучи брак, не

може да признае татковство, да состави тестамент, не може да врши и оствари права од работен однос.

*Престанок на старателство* - Старателството над малолетното лице престанува кога ќе престане потребата за него. Во Законот за семејство чл.163 (Службен весник на РМ, бр. 153/14), најнапред се наведени случаи кога старателството престанува по сила на законот. Тие случаи се следниве:

- *кога малолетното лице ќе наполни 18 години;*
- *кога малолетното лице ќе се стекне со потполна деловна способност пред полнолетството;*
- *кога малолетното лице ќе биде посвоено;*
- *кога ќе биде донесена правосилна судска одлука за враќање на родителското право;*
- *кога малолетното лице ќе почине.*

Постои уште еден случај кога старателството не престанува по сила на законот. Станува збор за ситуација во која родителот кој што не се грижел за детето или се грижел на несоодветен начин, да почне да се грижи за детето на соодветен начин. Во овој случај, за разлика од претходните, донесувањето на одлуката за престанок на старателството може да се случи после проценката на исполнување на бараните услови. Постапката за престанок на старателство во овој случај може да поднесе родителот на детето, детето или Центарот за социјална работа по службена должност.

Последици од престанок на старателство над малолетно лице - без разлика за причината за престанок на старателството, старателот е должен во рок од 15 дена од денот кога тоа ќе го побара Центарот за социјална работа да поднесе извештај за својата работа. Извештајот се однесува првенствено на грижата за личноста на детето. Освен ова, старателот мора да поднесе извештај и за состојбата на имотот, приходите, расходите. Целиот имот старателот е должен да го предаде на лицето под старателство (ако е деловно способно) или на родителите, посвоителите.

### 3.6. Старателство над малолетни лица – жртви на трговија со луѓе

Трговијата со луѓе уште многу одамна се смета за најголемото зло, особено кога како жртви се земаат децата. Заедничко за сите жртви е тоа што тие се нашле во мрежата на трговците преку измама и ветување за подобар живот, за добро платена работа во друг град или држава. Најголем број од жртвите се сексуално експлоатирани и принудени на проституција. Тие стануваат „предмет" кој може да биде продаден и препродаден од еден на друг трговец. Лицата кои се жртви на трговијата со луѓе се обесправени и не можат да решаваат за тоа каде, што и колку ќе работат. Жртвите ја губат својата слобода и права и целосно се контролирани од трговците со луѓе. Тие се измамени и работат под принуда. Трговците со луѓе обично сами регрутираат жртви или ги примамуваат преку огласи во кои станува збор за добра заработувачка.

Трговците може да бидат и мажи и жени, со тоа што жените влеваат поголема доверба кај жртвите. Тие, не секогаш се непознати, напротив често се луѓе кои и се познати на жртвата. Трговците најчесто се занимаваат со секојдневни регуларни активности како туристички агенции, сопственици на барови, агенции кои нудат работни можности како манекенки, беби-ситерки, келнерки, домаќинки, ветени бракови со странци.

Оваа појава е поврзана со сиромаштијата и кризата со која се соочуваат овие жртви. Се разбира дека одредено влијание има и фактот дека семејството повеќе ја нема традиционалната улога што некогаш ја имало. Посиромашната економска ситуација и слабата перспектива на нивните земји ги прави лесни жртви на трговците со луѓе.

Дете-жртва на трговија со луѓе е малолетно лице до 18 години, кое со или без негова согласност, на било кој начин, станало жртва на трговија со луѓе заради експлоатација, се вели во Законот за семејство чл. 177-а (Службен весник на РМ, бр.153/14). Штом Министерството за внатрешни работи достави известување до Центарот за социјална работа дека е идентификувано дете-жртва на трговија со луѓе, веднаш превзема мерки за заштита на личноста, правата и интересите на детето и го става под старателство. За старател се

поставува лице кое е обучено за работа со деца-жртви на трговија со луѓе и е должен да соработува со Центарот за социјална работа, Министерството за внатрешни работи, јавен обвинител. Старателот е должен да се грижи како родител за детето и да го чува во тајност идентитетот на детето и семејството. Тој исто така е должен да му обезбеди на детето здравствена, социјална помош и заштита, безбедно место за згрижување, да извади лични документи за детето, да му обезбеди школување на мајчин јазик.

Ако детето-жртва на трговија со луѓе е државјанин на Република Македонија, а и неговото семејство исто така, Министерството за внатрешни работи ќе го најде неговото семејство со цел да го врати детето во семејството, според Законот за семејство чл. 177-ж, (Службен весник на РМ, бр.153/14).

Доколку детето е странски државјанин, Центарот за социјална работа заедно со надлежните органи ќе го најдат семејството и со консултација на надлежните служби на државата чиј државјанин е детето ќе превземат мерки за враќање на детето во државата.

Центарот за социјална работа е значаен затоа што има за задача да врши проценка дали враќањето на детето во семејството е во негов интерес и во тој случај го враќа детето во семејството, но доколку процени дека условите за враќање на детето во семејството го загрозуваат неговото здравје и живот, тогаш се наоѓа друго времено сместување.

Во случај ако родителите се починати, вклучени во трговија со луѓе и не е можно враќање на детето во семејството, тогаш Центарот за социјална работа е должен веднаш да го згрижи детето. Ако родителите учествувале во вклучување на детето во трговија со луѓе или друг вид присилна работа, се одзема вршењето на родителско право со решение на судот во вонпарнична постапка.

Старателот е должен на Центарот за социјална работа еднаш неделно да доставува извештај за својата работа, а и кога тоа ќе биде побарано од него. Заштитата се дава на овие деца и на семејства без оглед на расна, верска, национална припадност, возраст и пол.

Старателството над овие деца престанува со враќање на детето во семејството, со смрт на старателот или на детето и по одлука на Центарот за социјална заштита.

### 3.7 Старателски книги

Во овие рамки треба да се напомене и фактот дека постои обврска за водење на старателски книги заради евиденција на лицата ставени под старателство и за дејствата кои се превземаат во текот на старателството. Старателските книги се водат посебно за децата без родители и родителска грижа, за посебни случаи и за деца-жртви на трговија со луѓе.

Во старателската книга за евиденција на малолетни лица се содржат податоци за детето и за старателот.

За старателот како податоци потребно е име и презиме, занимање и место на живеење, додека за детето, освен овие основни податоци се бара место и датум на раѓање, причини за ставање под старателство, во колку има имот потребно е да се изврши попис и проценка на имотот, број и датум на решението за ставање под старателство како и број и датум на решението за престанок на вршење на старателството.

Во старателската книга за евиденција на старатели за посебни случаи се содржат истите податоци освен што е потребно да се назначи причината за поставување на старател.

Сите овие документи се чуваат во посебно досие кое содржи: решение за ставање и престанок на старателството, записник за предавање на имотот на старателот, старателска исправа, извештаи за лицето под старателство, извештај за управување со имотот на лицето под старателство и годишен извештај за работата на старателот.

## 4. КВАЛИТЕТ НА ЖИВОТ И ЖИВОТНИОТ СТАНДАРД

При современи услови под поимот квалитет на живот се подразбира животниот стандард на луѓето. Животниот стандард го претставува квантитетот и квалитетот на добра и услуги кои им се достапни на луѓето, како и начинот на кои тие добра и услуги се дистрибуирани меѓу луѓето. Поимот животен стандард се однесува на материјалната компонента на квалитетот на животот на луѓето и во основа го објаснува најголемиот дел од овој поим (Trevithick, 2006, стр.91).

Под поимот благосостојбата се подразбира поим кој се однесува на квалитетот на животот на луѓето, а се мери преку индексот на квалитет на животот, индексот на физичкиот квалитет на животот, бруто националната среќа (задоволство) и други.

Кога станува збор за индексот на квалитет на животот, тој се базира врз резултатите на субјективното задоволство од животот и објективните фактори на квалитетот на животот, а тоа се здравјето, материјалната благосостојба и безбедност, потоа семејните односи, животот во заедницата итн.

Човековиот развој претставува процес на зголемување на човековиот избор, во поглед на можностите човекот да води долг и здрав живот, да биде добро образован и да има пристоен живот. Оттука, нивото на квалитетот на животот на луѓето не треба да се цени според нивната материјална состојба, туку според нивната можност да водат здрав живот, да се образуваат и активно да партиципираат во општествениот живот.

Социо-економските проблеми како сиромаштијата и нееднаквоста имаат силно влијание врз животниот стандард и квалитетот на животот на луѓето. За сиромашни се сметаат лица, домаќинства и групи лица, чии ресурси (материјални, културни и социјални) се на такво ниво кое ги исклучува од минимално прифатливиот начин на живеење. Невработеноста и сиромаштијата влијаат на социјалната исклученост. Кај невработените

сиромаштијата е повисока, но решавање на едниот проблем во голема мерка ќе влијае на решавање и на другиот.

Современиот развој во обезбедување на социјална заштита започна 2004 година поради потребата од унапредување на системот на социјални услуги, а со цел приближување до европските стандарди и до зголемување на ефикасноста на заштитата на најранливите категории на граѓани.

Процесот на реформи се базира преку започнување на процесот на децентрализација во социјалната заштита. Процесот на децентрализација во областа на социјалната заштита прави разлика во остварувањето на материјалните надоместоци и обезбедувањето на услугите од социјална заштита. Минималното ниво на остварување на социјалната сигурност за сиромашните граѓани, главно е на централно ниво.

За унапредување на социјалните услуги, на општините им е дадена можност да се јават како даватели на услуги наменети за социјално исклучените лица, паралелно со социјалната заштита која ја обезбедува државата, а тоа се остварува преку донесување на развојни програми за специфичните потреби на граѓаните од советот на општината, остварување на институционалната и вонинституционалната заштита и подигање на свеста на населението за потребите на социјалната заштита.

## Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија

Целите на Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост треба да водат кон:

- *согледување на состојбите во областите каде се изразуваат појави на социјална исклученост и кај разни категории на социјално ранливи, сиромашни и исклучени лица и групи;*
- *анализа на можни правци на социјални промени во одделни области*

- *институционално согледување на можностите за социјална инклузија;*
- *обликување на нов пристап или модел за социјална инклузија и за оформување на разни форми на поддршка;*
- *согледување на можностите за намалување на сиромаштијата преку зголемување на вработувањето и со тоа зголемување на вклученоста на социјално исклучените лица;*
- *согледување на потребите и барањата на социјално исклучените лица и барање на механизми за нивна социјална инклузија;*
- *обезбедување на предуслов за оформување на оперативен план и мерки со цел за интензивирање на процесот на социјална инклузија во Република Македонија;*
- *создавање основа и можност за обликување на заеднички меморандум за социјална инклузија меѓу Република Македонија и Европската унија согласно предвидените процедури* (Борнарова, 2008, стр.33):

Оваа стратегија би помогнала во обликувањето на заедничкиот меморандум за социјална инклузија во која ќе бидат исцртани основните предизвици со кои се соочува земјата на планот на справување со сиромаштијата и социјалната исклученост со истовремено идентификување на можните решенија.

Невработеноста и сиромаштијата влијаат на социјалната исклученост која подразбира повеќе елементи од недостиг на пари или матерјални средства и освен од економска, вклучува и други димензии како социјална, културна, политичка, морална и слично што упатува дека борбата против социјалната исклученост бара поширок пристап до институциите и механизмите на социјалната интеграција.

Групи и поединци кои имаат најголем ризик од сиромаштија се:

- невработени лица
- семејства со по еден член
- еднородителски семејства
- лица без или со низок степен на образование.

## Квалитетот на социјалните услуги за деца под старателство

Социјалната инклузија се состои во проширување на правата на граѓанскиот статус на исклучените и создавање услови за остварување на нивните економски и социјални можности. Во овој случај, вклученоста имплицира не само проширување на пристапот кон правата, туку и трансформација на системот на социјална сигурност, со намера истиот да стане поприспособен кон индивидуалните и социјалните ризици и различните животни околности.

Значајна е улогата и на локална самоуправа во идентификувањето на вакви случаи и нивната соработка со Центрите за социјална работа. На ваков начин преку заедничко делување може да се воспостави сервис за помош и поддршка на ваквите случаи.

Обезбедувањето социјална сигурност на граѓаните и справувањето со сиромаштијата во Република Македонија претставува еден од основните услови за постигнување на одржлив развој (Бартлер, 2008, стр.3).

Поделбата на богати и сиромашни се должи на високата стапка на невработеност. Македонија во однос на животниот стандард се претвора во земја на богати и сиромашни според извештајот „Граѓански засновани анализи“ на Универзитетот на ЈИЕ и УНДП, подготвен од истражување во кое учествувале 3.000 испитаници од сите региони во Македонија. Најбогатите 20 % од населението во државата сочинуваат 42 % од вкупниот расположлив приход, додека најсиромашните 20 % имаат само 5 % од приходот.

Поделбата на богати и сиромашни се должи на високата стапка на невработеност, која е најизразена во североисточниот дел на Македонија. Токму невработеноста е најголемата причина за сиромаштија кај возрасната група над 55 години. Оваа возрасна група е особено ранлива во однос на долготрајната невработеност и на сиромаштијата поради ниските државни пензии.

Според тоа, во рамките на погоре наведените податоци не треба да се исклучи и фактот дека секоја држава, како и Република Македонија треба да спроведува политика која обезбедува целосна поддршка за семејствата, како и во овој случај за децата без родители и

родителска грижа и останатите чувствителни групи во општеството во чии рамки треба да се исполнуваат своите одговорности кон децата во државата со цел да воспостават ефективен однос кој ќе биде насочен кон создавање, едукација и поддржување на продуктивни, среќни и здрави граѓани на Република Македонија.

Токму со таа цел, ваквата политика треба пред се да спроведува одредени мерки и пристапи за превенција и за одрекување и напуштање на децата исто така, каде многуте родители како најголем фактор и причина за ова ја насочуваат сиромаштијата. Поради тоа, животниот стандард тесно се поврзува со социјалната заштита и згрижување на децата, бидејќи Македонија, како земја со понизок животен стандард, се истакнува и како држава во чие општество многу често се случува мајките да ги оставаат своите деца на социјално згрижување поради неможноста да се грижат за нив.

Според тоа, социјалните политики и програми, кои го земаат предвид животниот стандард на секој од своите граѓани во дадената држава, треба да ја засилат вредноста на семејството како такво, да ги поттикнат продуктивните размислувања, ставови, како и способностите и алатките кои ќе им овозможат на секое семејство на соодветен начин да се грижат за своите деца со тоа што ќе им обезбедат заштита, згриженост, сигурен развој, здрав и среќен живот, со цел истите да се развијат во продуктивни и среќни граѓани на Република Македонија.

## 4.1 Квалитет на социјалните услуги

Појавата на нови ризици кои со себе ги носи современото општество и модерниот начин на живот, ставаат пред социјалните работници и кон останатите професии ангажирани во составот на социјалната заштита предизвици за пронаоѓање на нови начини за соочување со социјалните проблеми.

Денешната социјална држава притисната од процесите на глобализација се потешко успева да ги обезбеди и контролира редистрибутивните јавни добра кој во голем дел се

темели на критика на доминантната улога на државата и нејзините институции во давање на социјалните услуги, па пристапува кон таканаречен комбиниран модел на социјална политика кој истовремено се наметнува и како потреба и како решение.

За овие промени и глобалната несигурност и колку е важно да се фаворизира социјалната кохезија за да им се помогне и да се заштитат ранливите категории, а воедно и да се обезбеди социјална сигурност, говорат голем број европски документи - Ревидирана Европска социјална повелба (1997).

Треба да се има во предвид дека новите парадигми захтеваат и нови пристапи и нови улоги во работа со корисниците, бидејќи формалната прокламација на некое социјално право не значи и негова ефективна примена во праксата. Но, за да може ова да се реализира потребно е да се премрежат голем број препреки за да може социјалните права да станат реални и достапни на граѓаните.

Со воведување на нови промени во состав на социјалната заштита и актуелизирање на комбинираниот модел на социјална политика во моментот кога веќе постојат сознанија за ефектите од тој модел во земјите кои порано го воведе, се повеќе се поставува прашањето за квалитетот на социјалните услуги.

Во препораката на Советот на Европа за социјалните работници се наведува дека „задача на социјалните организации е да ги дефинираат стандардите на квалитет и давање услуги, при тоа водејќи сметка за потребите и очекувањата на корисниците, етичките начела, професионалните цели и економската моќ“ –Европа (2020).

Во стандардните квалитети акцент се става првенствено на корисниците на услуги и нивната автономија, нивно учество во нормалниот живот и опкружувањето, а најмногу на почитување на човечките, граѓанските и социјалните права.

Основните принципи и начела при изработка на стандардниот квалитет на социјалните услуги треба да бидат:

- *холистички и сеопфатни со нагласок на корисниците, а тоа значи дека услугите треба да бидат добро испланирани во корист на перспективата на корисниците,*

## Квалитетот на социјалните услуги за деца под старателство

- *лесно разбирливи за корисникот и семејствата и достапни во локалните заедници во кои живеат корисниците,*
- *промовирани низ партнерство помеѓу корисниците, давателите на услуги и останатите институции (министерствата, единици на локална и регионална самоуправа, школите, градинките, здравствените домови и други),*
- *дизајнирани така да ги почитуваат правата, слободата на избор и самоопределување на корисниците,*
- *добро управување и усмерување на резултатите.*

Обезбедувањето на квалитетни социјални услуги во социјалната заштита има за цел да ја спречи маргинализацијата и социјалната исклученост на ранливите групи, во зависност од материјалните можности и опфаќа:

- *поттикнување на развој на различни социјални служби како даватели на услуги,*
- *воведување на нови услуги од социјална заштита во рамките на постоечките институции и службите за социјална заштита,*
- *поддржување и афирмација на семејството како најдобра рамка за заштита на ранливите групи,*
- *развивање на стандарди за унапредување на квалитетот на услугите кои се даваат во рамките на институциите и службите за социјална заштита,*
- *дефинирање и интегрирање на различни сектори и подсистеми на сите нивоа.*

Реформите на социјалните услуги во многу земји на ЕУ се ориентирани кон зголемување на можностите на корисниците на социјални услуги да изберат даватели на поквалитетни услуги со воведување на конкуренција во секторите на јавно обезбедените социјални услуги, со што се склучуваат договори со приватните или непрофитабилните даватели на услуги и давање право на клиентите да изберат кој давател на услуга би сакале да го користат.

# II. ИСТРАЖУВАЧКИ ДЕЛ

Семејството претставува животна заедница на родители и деца и други роднини, доколку живеат во заедница. Односите во семејството се засноваат врз рамноправност, заемно почитување, меѓусебно помагање, издржување и заштита на интересите на децата. Република Македонија обезбедува посебна заштита на семејството, мајчинството, децата, малолетните лица, децата без родители и родителска грижа, обезбедува заштита на бракот и семејството од нарушени односи и насилство во бракот и семејството. Република Македонија создава и обезбедува научни, економски и социјални услови за планирање на семејството и за слободно и одговорно родителство. Во остварувањето на правото на слободно и одговорно родителство, родителите се должни да обезбедат оптимални услови за здрав раст и развој на своето дете во семејството и општеството. Односите на родителите и децата се засноваат на права и должности на родителите да се грижат за подигање, чување, воспитание и образование на своите деца и да ги развиваат нивните работни способности и навики. Родителското право го вршат родителите заедно во согласност со потребите и интересите на децата и интересите на општествената заедница. Правата и должностите на родителите и на другите роднини спрема децата, како и правата и должностите на децата спрема родителите и другите роднини се еднакви, без оглед дали децата се родени во брак или надвор од бракот.

Но, кога од некои причини ќе дојде до слабеење на функцијата на семејството кое од една страна е притеснето и од економската криза и барајќи основни начини за опстанок, доаѓа до запоставување во воспитувањето и одгледувањето на децата. Нарушувањето на семејните односи негативно се одразува врз можноста за задоволување на потребите на детето, а со тоа се загрозува неговиот развиток.

Старателството се појавува во оној момент кога на едно лице, во прв ред малолетно дете му недостига родителска грижа, но ваква грижа им е потребна и на полнолетни лица кои не се во состојба сами да се грижат за себе и за своите права и интереси. Целта на

старателството е насочена кон згрижување, воспитување и образование на децата под старателство како и обезбедување на имотните и други права и интереси.

Во рамки на ова истражување се обидовме да дадеме одговор за квалитетот на социјалните услуги на децата под старателство, како и да се оцени задоволството од давањето на ваквиот вид на услуги.

## 1. Предмет на истражувањето

Предмет на ова истражување се социјалните услуги кои им се даваат на децата под старателство во Република Македонија. Притоа ќе се истражува квалитетот на дадените услуги и нивото на задоволство од ваквите услуги.

## 2. Цели и задачи на истражувањето

Овој труд има за цел да ги анализира социјалните услуги кои се даваат на децата кои се под старателство, нивната организација и квалитетот на дадените услуги. Исто така, ќе се анализираат законите и подзаконските акти кои ги покриваат услугите и заштитата на децата под старателство.

Основна задача на истражувањето е да одговори на прашањето дали на децата под старателство им се даваат квалитетни социјални услуги.

Дополнителни задачи се:

- да се утврди причината едно дете да добие статус на дете под старателство,
- да даде опис за тоа како децата под старателство се третирани согласно законските одредби во Република Македонија,
- да даде детален опис за видот на социјалните услуги кои ги добиваат и
- да се утврди квалитетот на социјалните услуги.

## 3. Хипотези

За да се проучи проблемот и да се остварат целите на истражувањето поставени се следните хипотези:

**Општа хипотеза**

Видот на социјалните услуги за децата под старателство зависи од социо-економскиот статус на детето.

**Посебни хипотези**

- социјалните услуги зависат од полот и возраста на децата
- социјалните услуги зависат од образованието на децата
- социјалните услуги зависат од психофизичкиот развој на детето
- социјалните услуги зависат од матерјалната состојба.

## 4. Варијабли

**Зависна варијабла**

Видови на услуги:

- сместување – старател, установа, згрижувачко семејство
- здравствена заштита
- образование
- вработување
- матерјални права

**Независна варијабла**

Профил на детето

- пол

- возраст
- образование
- психофизички развој
- материјална состојба

## 5. Методи и техники на истражувањето

**Пристап**

Со цел да добиеме поверодостојни податоци во ова истражување користен е квантитативно-квалитативен пристап. Методолошката триангулација вклучува примена на две различни методи.

**Метод**

За изработка на ова истражување се користи дескрипција, односно описното истражување со што ќе се презентира една целосна слика преку која ќе се претстави предметот на истражување, односно социјалните услуги кои се даваат на децата под старателство како и квалитетот на овие услуги.

**Техники на истражувањето**

Во рамките на ова истражување се применети следниве техники на истражување:

**Анкета -** најчесто користена техника бидејќи е лесна за спроведување и наједноставно се прибираат информациите кои сепак пристигнуваат во форма која е лесна за анализа. Прашалникот е составен од затворени и отворени прашања.

**Студија на случај -** е специфичен метод и претставува анализа на тоа што се случило во одредена установа во текот на неколку години, односно тоа е хроника на настани. Интензивната опсервација може да биде релативно краток или долг временски период.

**Анализа на содржина -** во ова истражување се примени квалитативна анализа на содржината на печатени текстови (книги, публикации, закони, досиеја на случаи, списанија) преку описно прикажување и согледување на анализата на содржината.

## 6. Примерок на истражување

**Вид на примерок**

Користена е метода на избор на квота.

**Големина на примерок**

Примерокот го сочинуваат 60 деца под старателство од кои 20 деца без родители, 20 деца без родителска грижа и 20 деца на чии родители им е одземено родителското право.

## 7. Заклучни разгледувања

Земајќи ја во предвид важноста на истражувањето во рамките на дадените и предложените хипотези, се изведува истражување кое ќе биде имплементирано во рамките на квантитативните методи на анализа, каде е составен прашалник од затворен тип наменет за одредена група на испитаници со годишна возраст од 14 до 17 години, вклучени во чувствителната група на населението во Република Македонија, во чии рамки се вклучени децата без родители и родителска грижа, децата под старателство, како и децата кои користат социјални услуги во областа на здравството, образованието и социјална заштита преку парични средства и згрижување.

## Квалитетот на социјалните услуги за деца под старателство

Целта на подолу наведеното истражување инаку е точно и прецизно одредување на ефективноста на социјалната заштита при имплементирање на нивните услуги за ранливата група во македонското општество. Истовремено во рамките на истражувањето се истакнува и техниката на квотен примерок на потребите кое претставува идентификација на потребите, нивна квантификација и поставување мапа врз основа на истражувањето  на потребите на одредената група, истакнувајќи ги социјалните проблеми – потребите на поединецот како единка кои се услов за негова егзистенција како човечко битие, како и потребите кои поединецот ги задоволува во заедницата. Исто така, вклучувајќи го и социјалниот проблем, истакнувајќи ги состојбите кои влијаат врз значителен број на луѓе како непожелни појави, кои со оглед на нивната распространетост се сметаат за извор на тешкотии и незадоволства, кои можат да се спречат или нивното дејство да се ублажи со организирана општествена акција. Сепак, социјалната заштита се истакнува и преку паричните надоместоци и личните социјални услуги обезбедени за самите лица кои влегуваат во дадената шема на социјално осигурување, а кои се без доволно средства за живот за себе или за семејството.

При примената на методологијата на истражувањето, се применува комбинирана квантитативно – квалитативна методологија. При тоа, во рамките на квалитативната методологија се користени следните техники:

- *анализа на содржината на претходните истражувања, статистичките бази на податоци и на релевантната законска регулатива*
- *прашалници во чии рамки се истакнуваат прашањата кои се однесуваат на истражувањето*

Според тоа, ќе бидат изведени и дискусии на основа на добиените резултати со цел да може да се извадат заклучните решенија на чија основа ќе може јасно да се види состојбата на социјалната заштита на децата во Република Македонија.

Од тука, варијабилата на испитаниците се дели на една фокус група на деца од 14 до 17 години, земајќи ја предвид нивната свесност за општественото опкружување и едукација, кое влијае на валидноста на нивните одговори.

При имплементирање на квантитативната методологија со цел обезбедување на квантитативните податоци се користи техниката - анкета за која е подготвен инструментот прашалник. Според структурата, прашалникот содржи околу 20 прашања кои се дел од затворен како и многу мал дел од отворен тип. Прашалникот се групира на прашања за основни информации, за информации за испитаниците, како и интегрирање на социјалните услуги во здравството, образованието како и детска заштита и нивното користење и задоволството од користење на истите.

Емпириското истражување беше спроведено во неколку општини во Македонија, и тоа во Битола, Куманово, Охрид, Скопје. Анкетирањето беше спроведено во текот на февруар-март, 2015та година, каде во изборот на локацијата се вклучени директно нарачателите на истражувањето како и самиот автор на трудот.

## 8. Резултати од истражувањето

На прашањето – Каков успех имаш постигнато во минатата учебна година, одговорите на испитаниците се претставени во следниот графикон:




Графикон 1. Оценките на едукативното ниво на испитаниците

Од погоре наведениот графикон може да се увиди дека 12% од испитаниците се со исклучително слаби оценки, додека пак 22% од испитаниците се со доволен успех, што е поголем процент од слаботo поведение, а цели 43% од испитаниците се всушност со добро поведение и оценки, кое е најголем процент меѓу испитаниците кое го истакнува нивото на едукација на испитаниците. Останатите 13% од испитаниците одговорија дека се многу добри, а најмал процент 7% се истакнаа како одлични. Дали всушност нивната изложеност на суровиот животен стандард во Република Македонија влијае на нивното едукативно поведение, останува да се запрашаме од резултатите на погоре наведеното прашање, во чии рамки се гледа дека најголем процент од нашите испитаници се со добро поведение и не толку одлични оценки.

Според тоа, со цел за појасно да се добие одговор на истакнатото прашање во погоре наведеното истражување, се постави прашањето дали всушност некој им помага при учењето во чии рамки се добија следните одговори:




Графикон 2. Помош на испитаниците при нивното учење

Од погоре наведениот графикон може да се увиди јасно дека поголем процент од испитаниците, од кои дури 73% од нив, одговориле негативно на прашањето дали некој им дава помош при нивниот процес на спремање за училиште, припрема на едукативниот материјал и слично, кое е исклучително загрижувачки, додека пак, само 27% од испитаниците одговориле потврдно на ова прашање, во чии рамки ги поставуваме всушност учениците кои се со добро, многу добро и одлично поведение и кои всушност најверојатно се наоѓаат под старателска грижа, каде и покрај влијанието на суровите услови во кои се наоѓаат сепак добиваат поддршка при нивното едуцирање.

На прашањето дали посетуваат курсеви по странски јазици, како и останати активности кои влијаат на нивното воспитување и однесување, испитаниците во подолу наведениот графикон ги имаа следните одговори:




Графикон 3. Посета на дополнителни часови и активности

Од погоре наведените одговори во рамките на графиконот, може да се види всушност нивото на посетеност и заинтересираност за дополнително воспитување од страна на децата и младите во Република Македонија кои се подложни на користење на социјални услуги и

заштита. Според тоа, курсеви по јазик посетуваат дури 22% додека пак, останати курсеви посетуваат само 9% од испитаниците, меѓутоа најголем процент од овие млади 33% не посетуваат никакви курсеви, под чии околности се поставува знак прашалник, за тоа која е причината поради која заинтересираноста на младите за ваквите активности од дадената фокус група е на исклучително ниско ниво.

Додека пак, на прашањето дали имаат добиено стипендија, одговорите се изненадувачки:




Графикон 4. Дали испитаниците имаат добиено стипендија

Она кое може да се потврди од погоре наведеното прашање, во рамките на одговорите на испитаниците е фактот дека поголемиот дел од оваа чувствителна група на деца во Република Македонија немаат добиено никакви стипендии. Од нив дури 88% немаат воопшто добиено стипендија и покрај тоа што поголемиот дел имаат дури и аплицирано за истата. Додека пак, само 12% од испитаниците имаат добиено стипендии од кои поголемиот дел од нив моментално ги користат.

## Квалитетот на социјалните услуги за деца под старателство

Следното прашање кое всушност се постави на испитаниците се истакна со изненадувачки одговори – цели 98% од испитаниците во рамките на дадената фокус група кои важат за социјално загрозени деца, не користат и не им е понуден бесплатен превоз, додека пак само 2% од испитаниците, кои се наоѓаат во Скопје се истакнуваат дека користат бесплатен превоз.




Графикон 5. Дали испитаниците користат бесплатен превоз

Ова е сериозен проблем во рамките на социјалното и општествено згрижување на младите, особено на оние кои спаѓаат во чувствителната фокус група во општеството, сметајќи дека ваквата проблематика, треба да се земе предвид од страна на социјалните и останатите надлежни органи со цел за на било кој начин да им се олесни живеењето на ранливите групи во Република Македонија, во чии рамки е вклучен и бесплатниот превоз.

На страна од образовната поддршка, од голема важност е вниманието да се сврти и кон медицинската и здравствена помош, во чии рамки се добија следните одговори:




Графикон 6. Користење на здравствено осигурување од страна на испитаниците

Во рамките на погоре наведениот графикон, за жал, постои дел од испитаниците кои не користат здравствено осигурување каде цели 29% се без здравствено осигурување, кое директно не може да се стави на вината на блиското опкружување на истите, во чии рамки од голема важност е да се истакне потребата од посилен и повеќе обемен мониторинг на здравствената заштита на испитаниците, односно чувствителната фокус група и грижа за нивното правилно имплементирање и згрижување на младите во Република Македонија.

Додека пак, нивната посета на систематски прегледи е далеку во повисок процент, каде цели 89% од испитаниците имаат реализирано систематски прегледи, кое може да биде за пофалба на ваквата активност на здравствените надлежни установи во Република Македонија, од кои 11% проценти од испитаниците сеуште немаат извршено систематски прегледи. Дали ова е прашање на заинтересираноста на младите за нивното здравје или пак е префрлање на одговорност на нивното блиско опкружување, старателите, родителите, останува да се прегледа во заклучните разгледувања на основа на добиените валидни резултати од истражувањето.




Графикон 7. Дали испитаниците одат на систематски преглед

На следното прашање, за нивното користење на специјалистички прегледи, испитаниците имаат одговорено следно:




Графикон 8. Користење на специјалистички прегледи на испитаниците

Од погоре наведениот графикон може да се види дека 19% од испитаниците имаат користено специјалистички прегледи, во чии рамки имаат наведено и неколку причини за нивното користење на ваквите специјалистички здравствени прегледи. Од тука, поголемиот дел од нив имаат наведено здравствени проблеми во рамките на нивниот имунитет, хроничен бронхитис, како и слепо црево, во чии рамки поради сериозноста на заболувањето, биле подложни на специјалистички прегледи, со чија поддршка и надлежност дел од нив биле подложени на оперативни зафати кои всушност биле платени половина од социјалните установи и здравствените, половина од помош од нивните најблиски. Додека пак, истиот процент на оваа група на испитаници го имаат одговорено и прашањето дека биле заболени во минатата година, каде сеуште немаме добиено одговори за нивното задоволство од дадените здравствени услови за време на нивното болување.

На следното прашање за тоа дали примаат детски додаток одговорот е следен:




Графикон 9. Користење на детски додаток од страна на испитаниците

## Квалитетот на социјалните услуги за деца под старателство

Користењето на детски додаток во Република Македонија, како што може и да се види од дадените одговори се наоѓа на исклучително високо ниво, земајќи предвид дека е една од поефективните мерки за користење на парична помош, згрижување и заштита на ранливите групи во општеството, во чии рамки спаѓаат и младите и децата во Република Македонија кои растат во потешки животни услови без родители или под старателство. Од тука, цели 46% од испитаниците не користат детски додаток, додека пак 54% од испитаниците користат детски додаток.

Во рамките на одговорот на прашањето, дали оделе на летување, цели 69% од испитаниците имаат одговорено потврдно, додека пак 31% од испитаниците одговориле дека до сега не биле никогаш на летување. Од поголемиот процент на испитаниците кои биле на летување, дури повеќе од половина од нив одговориле дека оделе со своите наставници, преку училиштето, додека помал број од нив оделе со своите пријатели и блиски.




Графикон 10. Дали испитаниците оделе на летување

## Квалитетот на социјалните услуги за деца под старателство

Следното прашање е едно од позначајните прашања кои влијаат на изнаоѓање на заклучните разгледувања – Дали контактирате со вработените од Центарот за социјална работа, каде одговорите се следни:




Графикон 11. Контактирање на испитаниците со Центарот за социјална работа во Република Македонија

Изненадувачки е резултатот од погоре наведениот графикон кој се темели на одговорите на даденото прашање на испитаниците за нивното контактирање со вработените од Центрите за социјална работа во Република Македонија. Дури 79% од испитаниците, никогаш не контактирале со вработените во Центарот за социјална работа, додека пак само 21% од испитаниците контактирале со истите, во чии рамки биле принудени да бараат помош за одредени активности и случувања кои вклучуваат здравствена, образовна и парична поддршка, каде поголемиот дел од овие деца всушност растат без родители и носат одговорност за своите постапки и сите должности во општеството.

## Квалитетот на социјалните услуги за деца под старателство

Ова алудира на фактот што од голема важност е Центрите за социјални работи во Македонија да обрнат внимание повеќе кон подобрување на комуникацијата со ранливата фокус група во Република Македонија, во чии рамки спаѓаат и испитаниците во дадената група во истражувањето. Сепак, поголемото ниво на ефективно остварување и имплементирање на комуникациски канали со оваа ранлива група може да придонесе кон полесно изнаоѓање на проблемот и негово контролирање и сузбивање во рамките на давање на социјална помош и поддршка за истите.

Во рамките на прашањето за тоа дали добиле помош во облека, огромен дел од испитаниците со 81% одговориле потврдно, од каде дури поголем дел од нив го насочуваат Црвениот Крст од каде имаат земено облека, обувки, ќебиња, душеци за спиење и слични средства неопходни за живот, додека пак 19% од испитаниците одговориле негативно дека немаат добиено помош или одредени средства за нивните секојдневни потреби. Покрај Црвен Крст, дел од испитаниците упатиле и кон Центарот за социјална работа, од каде имале добиено одредени средства кои им биле од корист во нивните секојдневни потреби.




Графикон 12. Дали испитаниците имаат добиено помош во облека

## Квалитетот на социјалните услуги за деца под старателство

На прашањето што би сакале да се подобри во нивниот живот, одговорите кои се добиени од испитаниците се навистина интригантни:




Графикон 13. Што би сакале испитаниците да сменат/подобрат во својот живот

Од погоре наведениот табеларен графикон, може да се види дека најголемата желба на испитаниците е да го сменат местото на живеење, каде цели 32% од испитаниците одговориле дека не им се допаѓа местото каде живеат во чии рамки се подразбира општината, градот, како и државата во која се наоѓаат, растат и во која живеат. Додека пак, 27% од испитаниците сакаат да го променат образованието, во чии рамки ги вброиле нивните соученици, наставници, како и предметите кои ги изучуваат и целосниот едукативен систем во прашањето за нивната поддршка и згрижување. После нив 21% од испитаниците сакале да го променат здравството, во чии рамки е вклучена здравствената услуга и згрижување. Само 12% не би сакале да променат ништо, додека пак 8% кои имаат одговорено останато, имаат вклучено дека сакаат да ги променат своите пријатели и најблиски.

## Квалитетот на социјалните услуги за деца под старателство

Ова е сериозен проблем, земајќи предвид дека поголемиот дел од младите уште на најмлада годишна возраст размислуваат да ја напуштат околината во која живеат, со желбата да го променат местото на живеење а ова укажува на проблемот на недостигот на згрижување на оваа ранлива и исклучително круцијална група која ја претставува идната генерација на Република Македонија. Според тоа, од голема важност е да се пронајдат повеќе мерки и решенија за да може да се сузбие незадоволството на младите и децата од нивното живеење во општеството и нивното опкружување во Република Македонија.

Во рамките на оценувањето на задоволството со условите во кои живеат, материјалните услови на кои се изложени, како и грижата која ја добиваат, испитаниците имаат одговорено следното:




Графикон 14. Процент на задоволство од одредените услуги и згрижувања

од страна на испитаниците

## Квалитетот на социјалните услуги за деца под старателство

Во рамките на погоре наведениот графикон, резултатите кои се добиени на основа на погоре добиените валидни податоци од истражувањето, може да се каже и дека до одреден степен се очекувани. Според тоа, во рамките на условите во кои живеат, испитаниците ги имаа следните одговори – 38% од нив се екстремно незадоволни, додека пак 30% од нив се незадоволни, 12% од нив се со средно мислење, а 11% од нив се задоволни и само 9% се презадоволни.

Додека пак, земајќи ги предвид материјалните услови во кои живеат, во чии рамки спаѓа економскиот животен стандард на децата и младите, цели 44% од истите се екстремно незадоволни, додека пак 26% од нив се незадоволни, а само 10% се средно задоволни, и единствено 3% од испитаниците се презадоволни од материјалните услови во кои се наоѓаат, додека пак 17% се задоволни и не се жалат на материјалните услови во кои живеат.

Земајќи ја предвид грижата која ја добиваат, овде незадоволството на младите зачудувачки е во поблага форма за разлика од погоре наведените услови, во чии рамки 24% од испитаниците се екстремно незадоволни особено од здравствените услуги и згрижувања, додека пак 33% се незадоволни особено од социјалните услуги и згрижувања, додека пак цели 30% се средно задоволни, а само 3% се презадоволни, на страна од нив 10% се задоволни и не се жалат од услугите кои ги добиваат.

Во овие рамки се постави и прашањето до испитаниците – дали во текот на минатата година имале било каков проблем и како и кој им има помогнато да го решат, 41% од испитаниците се изјасниле дека немале проблеми, а од оние кои имале 11% биле проблеми во здравството, каде имале поддршка од своите најблиски со цел да можат да ги пребродат, додека пак 19% од нив имале проблеми во училиштето, во чии рамки повторно имале многу мал дел од нив поддршка од образовниот систем, додека останатите од своите пријатели и најблиски, а 29% се жалеле и имале проблеми со материјалната сигурност и сиромаштијата во која се наоѓале и живеат, во чии рамки сметаат дека сеуште никој им нема помогнато.

## Квалитетот на социјалните услуги за деца под старателство




Графикон 15. Дали во текот на минатата година имале било каков проблем

## 9. Анализа на добиените податоци

Во делот на квалитативното истражување без тешкотии беа спроведени анкетните прашања до повеќето општини и испитаници каде дадените одговори по одредени прашања сеуште не ги задоволија целосно очекувањата од истражувањето, затоа дополнително се направени и контактирани одредени бази на податоци за да може подетално да се истакне елаборацијата на поставените прашањата во рамките на истражувањето. Како и да се наиде на нивото на способноста и спремноста од Центарот за социјални работи во Република Македонија, со цел соработка и отпор во однос на обезбедување на пристап до податоците како и обезбедување на социјално згрижување на ранливите групи.

## Квалитетот на социјалните услуги за деца под старателство

Додека пак, во делот на квантитативното истражување кај делот од прашањата кои го опфаќаат приватниот живот на испитаниците се јави и извесен отпор кај анкетираните деца со цел да ги дадат бараните информации. Сепак, процентуалното учество на одговорите од категоријата одбива да одговори е статистички незначајно, па од тука не ја попречи генерализацијата на сознанијата добиени од истражувањето. Исто така, треба да се има предвид дека дел од анкетираните кои беа вклучени во истражувањето немаа никакво претходно истражувачко искуство. Нивното вклучување во истражувањето имаше цел истите да бидат зајакнати, преку нивните капацитети и вештини за натамошно дејствување во самата област на истражување. Според тоа, нивното истражувачко искуство сепак имаше минимално влијание врз квалитетот на одговорите.

Треба да се истакне фактот дека во испитувањето не постоеше можност во обезбедување на родова рамнотежа каде сепак, сите деца и млади беа гледани еднакво пред испитувањето и истражувањето на проблематиката, во чии рамки се смета за ирелевантна ваквата поделба.

Од погоре наведените истражувања може да се дојде до заклучок во чии рамки се преземени и имплементирани неколку анализи и разгледувања за проблемот со кој се соочуваат чувствителната група на деца и млади во Република Македонија, од кои поголем дел од нив се без родители, живеат во згрижувачко семејство, или пак се сместени во установа. Според тоа, на основа на одговорите на испитаниците еден од најголемите проблематики со кои се соочивме во текот на истражувањето е всушност незадоволството на младите и децата во Република Македонија со услугите кои ги добиваат, како и општеството во кое живеат и растат.

Најголемите жалби и незадоволство се упатени токму на социјалните установи за згрижување, во чии рамки дури и најголеми пофалби се упатени кон здравствените установи во кои поголемиот дел од испитаниците сметаат дека добиле исклучително квалитетна здравствена заштита.

## Квалитетот на социјалните услуги за деца под старателство

Меѓутоа, со цел да може да се добие јасна слика за тоа колкав е процентот на децата кои користат додаток, како и децата кои користат социјална заштита, особено за последната година, 2014, од голема важност е да се истражат последните наоди во рамките на дадената општествена феноменолошка појава.

Од тука, корисници на социјална заштита во поголемите градови како што се Скопје, Куманово, Охрид и Битола, податоците се следни:

Табела 3. Вкупно корисници на социјална заштита во поголемите општини во Македонија

| Општини | Вкупно | Деца без родителска грижа | Деца израснати во нездрава, насилна околина |
|---|---|---|---|
| Скопје | 3 154 | 317 | 636 |
| Битола | 666 | 75 | 77 |
| Куманово | 1716 | 97 | 556 |
| Охрид | 535 | 19 | 146 |
| Вкупно за Македонија | 15 014 | | |

Извор – Државен завод за статистика – 2013та година, 31ви декември

Додека пак, во рамките на основните податоци за установите за социјална заштита во Република Македонија, може да се напомене фактот дека во Детскиот дом „11 Октомври“ – Скопје во 2013та година имало вкупно 92 корисници. Во Домот за доенчиња и мали деца – Битола во 2013та година згрижени биле 77 корисници (Државен завод за Статистика на Република Македонија, Скопје, 2014та година, Т-26).

## Квалитетот на социјалните услуги за деца под старателство

Деца под старателство, деца сместени во згрижувачки семејства и корисници на здравствена заштита според последните податоци за месец Март 2015 година превземени од Центарот за социјална работа-Скопје и реализирано по општини, добиени се следниве податоци:

*Општина Гази Баба – Петровец, Арачиново и Илинден*

- 30 деца се сместени во згрижувачко семејство, од кои 25 деца се под непосредно старателство (преку Центарот за социјална работа), а 5 деца се под старателство на близок сродник (баба, дедо и други блиски роднини)
- 48 деца се под старателство на близок сродник
- 31 дете користи здравствена заштита преку Центарот за социјална работа, а останатите преку старател или близок сродник

*Општина Карпош – Ѓорче Петров, Сарај и Кондово*

- 23 деца се под старателство кај блиски сродници
- 4 деца се сместени во згрижувачко семејство
- 4 деца користат здравствена заштита преку Центарот за социјална работа

*Општина Кисела Вода и општините кои спаѓаат под неа*

- 14 деца се под старателство кај блиски сродници
- 12 деца се сместени во згрижувачко семејство, од кои 8 деца се под непосредно старателство преку Центарот за социјална работа

- 13 деца користат здравствена заштита Центарот за социјална работа

*Општина Центар*

- 7 деца се под старателство
- 22 деца се сместени во згрижувачко семејство, од кои 20 деца се под непосредно старателство преку Центарот за социјална работа
- 22 деца се користат здравствена заштита преку Центарот за социјална работа

*Општина Бутел, Чаир и Шуто Оризари*

- 55 деца се под старателство
- 28 деца се сместени во згрижувачко семејство, од кои 24 деца се под непосредно старателство преку Центарот за социјална работа
- 45 деца користат здравствена заштита преку Центарот за социјална работа

Децата под старателство на близок сродник здравствената заштита ја остваруваат преку сродникот, а сите деца сместени во установи и згрижувачки семејства здравствената заштита ја користат преку Центарот за социјална работа доколку не се здравствено осигурени преку родителот.

Деца сместени во установи за згрижување на деца без родители и родителска грижа според податоците за месец март се следниве:

*Дом за доенчиња и мали деца - Битола* (деца до три години);

- 22 деца се под непосредно старателство и сите користат здравствена заштита преку Центарот за социјална работа

## Квалитетот на социјалните услуги за деца под старателство

*Детски дом „11 Октомври“ - Скопје* (деца од 3 до 18 години);

- 46 деца се сместени во домот
- 37 деца се под непосредно старателство преку Центарот за социјална работа
- 39 деца користат здравствена заштита преку Центарот за социјална работа

Корисници на постојана парична помош кои се под старателство на блиски сродници:

- 77 деца сместени во згрижувачки семејства
- 49 деца сместени во установи
- 34 деца користат здравствена заштита преку Центарот за социјална работа

Децата кои се под старателство кај блиски сродници, здравствената заштита ја остваруваат преку Центарот за социјална работа само ако се корисници на постојана парична помош.

Деца под старателство кај блиски сродници кои се вклучени во образовниот систем и посетуваат образование во претшколска возраст, како и деца со посебни потреби се вкупно 111.

- 55 деца сместени во згрижувачки семејства посетуваат образование
- 29 деца кои се сместени во установи посетуваат редовно образование

Со цел да се има јасната способност и спремност на установите за социјални услуги во Република Македонија и да се направи еден појасен увид во нивното работење и нивното доставување на социјалните услуги и заштита на децата, од голема важност е исто така и да се издадат основни податоци за нивната распространетост, работење и функционалност како и активност за последните неколку години – 2012/13, таб.4

## Квалитетот на социјалните услуги за деца под старателство

Табела 4. Основни податоци за меѓуопштинските Центри за социјална работа и вработените според занимање и нивната подготвеност за достава на социјални услуги

| | 2012 | 2013 |
|---|---|---|
| **Вкупно општини во Република Македонија** | 84 | 84 |
| Кои имаат меѓуопштински центри за социјална работа | 30 | 30 |
| Кои имаат единици во состав на меѓуопштински центри за социјална работа | - | - |
| Вкупно вработени | 1026 | 1057 |
| Жени | 690 | 701 |
| Социјални работници | 253 | 252 |
| Педагози | 57 | 57 |
| Психолози | 73 | 76 |
| Дефектолози | 30 | 29 |
| Вкупно лекари | - | - |
| Психијатри | - | - |
| Педијатри | - | - |
| Медицински сестри | 27 | 27 |
| Правници | 92 | 91 |
| Административни работници | 312 | 322 |
| Други | 182 | 203 |

(Извор - http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.14.15.pdf)

## 10. Заклучни разгледувања и предлози

Во рамките на Конвенцијата за правата на детето, насоките за алтернативна социјална грижа за деца, според Националниот план на активности за правата на детето и останатите стратешки активности, Република Македонија исто така е една од обврзаните демократски земји која се залага за заштита на правата и благосостојбата на децата во нејзиното општество, зачувувајќи го нивниот правен субјективитет во државата.

Некогаш се случува детето поради несреќни околности да биде издвоено од своите родители и најблиски, во чии рамки е потребно да се исцрпат сите можности за да му се овозможи на детето нормален и достоен живот. Меѓутоа, многу често се случува за постоечките прописи да и не се толку флексибилни со цел да овозможат решенија кои би можеле да ги заштитат најдобрите интереси на детето. Од друга страна дури се појавува и опасност за предолго задржување на детето во опкружувањето кое за него е штетно оставајќи неизбришливи последици по неговиот живот. Да се одлучи дали детето да се остави кај неговите родители во кои се воочени одредени економски, социјални па дури и психолошки неправилности и пореметувања, е една од најсложените одлуки со кои се среќаваат дури на секојдневна база, организациите и кадрите од установите за социјална заштита во државата.

Детското достоинство, автономија, вклучувањето во заедницата, целосниот и правилен раст и развој на детето во едно семејно опкружување, социјално и културно обележување се едни од најголемите приоритети кои треба да се одредат во рамките на социјалната политика и пракса на социјалната заштита во земјата. Составот на социјалната заштита треба да настојува, следејќи ги стандардите за грижа за детето, да делува проактивно со цел сеопфатна заштита на децата и младите во земјата.

Квалитетот на услугите на социјалната заштита врши јавна дејност која е од огромен интерес за Република Македонија со која се обезбедуваат и остваруваат повеќе мерки и програми кои се наменети за социјално загрозените лица, особено за почувствителните

граѓани во државата – децата, кои се наоѓаат во неповолни општествени опкружувања не по нивен избор. Според тоа, мерките на социјалната заштита треба да вклучуваат најчесто превенција, поттикнување на промени, помош и поддршка за децата и младите, семејствата и општините, со цел унапредување на квалитетот на животот на секој граѓанин и млад човек во Македонија, водејќи ја борбата против социјална исклученост, дискриминација, засилување на корисниците во самостојното задоволување на основните животни потреби, нивното активно вклучување во општеството, како и зајакнување на социјалната кохезија во земјата.

Системот за социјална заштита во Република Македонија, во последните неколку години има поминато во неколку фази, особено од моментот на осамостојување и прогласување на нејзината независност. Последната фаза која ја нарекуваат и фаза на реформите започна од 2004-та година и сеуште трае, каде во овој период се става фокусот најмногу на промените во политиката на работењето на социјалните установи кое е од голема важност за нивното ефективно и ефикасно справување со оваа општествена проблематика и нудење на помош и поддршка на ранливите групи на населението во Македонија особено на децата.

Сепак, социјалната заштита е област која бара постојано прилагодување и адаптирање, како на потребите на корисниците, така и кон реалните можности на системот и на државата да ги остварува овие политики. Системот на социјална заштита во Република Македонија и покрај неговото реформирање во изминатиот период, се соочува со одредени пречки и слабости кои се одразуваат врз квалитетот на заштитата УНИЦЕФ – 2005-2021, (реформи во социјалната заштита на Република Македонија, стр.13-18).

Меѓутоа, капацитетите за креирање на ефективно функционирање на социјалните установи во Република Македонија, за жал сеуште не се доволно искористени, како ниту ресурсите во чии рамки се наоѓаат способностите за објективното работење и функционирање на установите во сите општини во Република Македонија. Според тоа, учеството на релевантните фактори во креирањето на ваквата ефективна политика,

значително треба да се зајакнува, како што можеше да покаже и да се види од погоре наведеното истражување, во чии рамки децата и испитаниците во дадената фокус група, воопшто не се задоволни од услугите кои ги имаат примено од страна на социјалните државни установи.

Од аспект на имплементација на современите политики и мерки за справување со овој проблем, клучниот недостаток всушност може да се забележи во поставеноста на основниот систем на надлежност кој продуцира продуктивно работење и функционирање, особено на професионалните служби при остварувањето и имплементирањето на правата на парична помош за социјална заштита, како и занемарување на социјалните услуги.

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Ајдуковиќ, М. (2004), Pristupi zbrinjavanju dece bez odgovarajuce roditeljske skrbi u Evropi, Београд: Филозофски факултет
2. Бартлет, В. (2010), "Граѓански засновани анализи, извештај Квалитет на социјални услуги, Арбериа Дизајн", Загреб: Универзитет Бристол, Ljetopis Studijskog centra socijalnog rada.
3. Борнарова, С. (2008), "Извештај од евалуација, Згрижување во друго семејство", Скопје: Канцаларија на УНИЦЕФ,
4. Борнарова, С. (2013), Прирачник за развој на социјалните услуги за ранливите групи во локалните заедници, Скопје
5. Влада на Република Македонија – Национална Стратегија за намалување на сиромаштијата и социјална исклученост – 2013та година, Скопје, Република Македонија
6. Вујовић, Р. (2006), „Привремени старатељ", во: Зборник радова, Крагујевац: Ново породично законодавство.
7. Димитријоска, С. (2011), Студија за Национални програми и бенефиции во рамките на системот на социјална заштита во Република Македонија, стр.79, Скопје
8. Europa 2020. – Europska strategija za pametan, održiv i uključiv rast. Revija za socijalnu politiku 18(1), 119-124.
9. Јакимовски, Ј. (2003), Социјалната положба на населението во Република Македонија-Сиромаштија, екслузија и партиципација во социјалниот живот, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања- Скопје: Фриендрицх-Ерберт-Стифтунг,
10. Матилов, Н. (2002), Социологија на бракот и семејството, Скопје: Институт за социолошки и политичко-правни истражувања,
11. Министерство за правда, (2010), Компаративен преглед на законодавството на Република Македонија и Конвенцијата за правата на детето, Скопје: Министерство за правда на Република Македонија,
12. Министерство за труд и социјална политика, (2010), Националната програма за развој на социјалната заштита, Влада на Република Македонија, (2011 - 2021),

13. Министерство за труд и социјална политика, (2012) Социјална слика на Македонија, Скопје,
14. Mitic, M. (1980) Porodicno pravo u SFRJ, Beograd: Beograd press,
15. Палачковић, Д. (2006), „Поступак у спору за заштиту права детета", во: Зборник радова, Крагујевац: Ново породично законодавство,
16. Повелба на Обединетите Нации Општа декларација на човековите права и меѓународниот пакт за човекови права, 1989та година UNICEF,
17. Поповска, Љ. (2012) Извештај од студијата за семејно насилство, Скопје: Бригада дизајн,
18. Revidirana Europska socijalna povelja (1997.), Revidirana strategija socijalne kohezije Vijeća Europe iz 2004., Nova strategija i akcijski plan Vijeća Europe za socijalnu koheziju odobren od strane Vijeća ministara Vijeća Europe 2010. godine,
19. Schene, P. (2005). Comprehensive family assessment guidelines for child welfare, Washington: US Department of Health and Human Services,стр.22,
20. Спировиќ - Трпеновска, Љ. (2008) Семејно право, Скопје: Правен факултет „Јустинијан први",
21. Тасковска, Д. (2012) Родот и правото, Скопје: Правен факултет
22. Trevarthen, C. (1980). The foundations of intersubjectivity: development of interpersonal and cooperative understanding in infants. U: Olson, D.R, (ur.). The social foundations of language and thought. New York: Norton, стр1-34,
23. Trevithick, P. (2006). Social works skills: A practice handbook. Philadelphia: Open University Press. Стр.60,
24. Хлача, Н. (1986) „Старатељство – развој института", во: Зборник радова, Србија: Правног факултета,
25. Watzlawick, P., Weakland, J. & Fisch. R. (2002). Na drugi naËin. NaËela postavljanja i rjeпavanja problema. Zagreb: Algoritam. стр.37,

26. Wolf, W. (2007). The European perspective on child poverty. Presentation at the South-East regional consultation" Reform of the child carte system: Taking stock and accelerating action".Sofia, Bulgaria.стр.72

# ПРАВЕН ИЗВОР

1. Закон за вонпарнична постапка, (Службен весник на РМ, бр. 9/08)
2. Закон за заштита на децата, (Службен весник на РМ, бр.23/13, 25/15)
3. Закон за здравствено осигурување, (Службен весник на РМ, 97/14)
4. Закон за изменување и дополнување на Законот за домување, (Службен весник на РМ, 99/09, 57/10 и 54/11)
5. Закон за локална самоуправа, (Службен весник на РМ, бр.5/02)
6. Закон за наследување, (Службен весник на РМ, бр. 74/08)
7. Закон за облигациони односи, (Службен весник на РМ, бр. 161/09)
8. Закон за општа управна постапка, (Службен весник на РМ, бр. 38/11)
9. Закон за семејство, (Службен весник на РМ, бр.153/14)
10. Закон за социјална заштита, (Службен весник на РМ, бр.180/14), (консолидиран текст, јануари 2015)
11. Конвенција за права на детето (преамбула) Повелба на Обединетите Нации Општа декларација на човековите права и меѓународниот пакт за човекови права, 1989та година UNICEF
12. Устав на Република Македонија (17 Ноември 1991 година)

# ИНТЕРНЕТ ИЗВОР

1. Еуростат,http://epp.eurostat.ec.europa.eu/statistics_explained/index.php/Social_protection_background
2. Извор - http://www.stat.gov.mk/pdf/2014/2.1.14.18.pdf
3. Извор – Република Македонија Завод за Статистика – Права на социјална заштита на Република Македонија – 2014та година

# АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК

Почитуван/а

Вие сте селектирани како квалификувана личност која може да даде одговор на следно поставените прашања. Одговарањето на овие прашања е од големо значење поради добивањето на крајните резултати со цел спроведување на истражувањето во магистерскиот труд при Филозофскиот факултет во Скопје на тема **КВАЛИТЕТОТ НА СОЦИЈАЛНИТЕ УСЛУГИ ЗА ДЕЦА ПОД СТАРАТЕЛСТВО.**

1) **Возраст**

______________

2) **Пол**

а) машки

б) женски

3) **Живееш во:**

а) згрижувачко семејство

б) со старател

в) во установа

4) **Во кое одделение учиш?**

а) ученик во основно образование

б) ученик во средно образование

в) не учам

**5) Каков успех имаш постигнато во минатата учебна година?**

а) слаб

б) доволен

в) добар

г) многу добар

д) одличен

**6) Дали некој ти помага во учењето?**

а) Да, кој ________________________

б) Не, ако не, зошто____________________________

**7) Дали посетуваш:**

а) курсеви за јазик

б) спортски тренинзи

в) дополнителни часови

г) курсеви (готвач, фризер и други)

**8) Дали имаш добиено стипендија?**

а) да

б) не

**9) Дали користиш бесплатен превоз?**

а) да

б) не

## Квалитетот на социјалните услуги за деца под старателство

**10) Дали посетуваш некаков вид на обуки?**

а) да, ако е да, кои___________________.

б) не

**11) Дали имаш здравствено осигурување?**

а) да

б) не

**12) Дали одиш на систематски прегледи?**

а) да

б) не, ако не, зошто_________________

**13) Дали минатата година си користел/ла специјалистички прегледи и болничко лекување?**

а) да, ако е да, што си користел/ла____________

б) не

**14) Дали минатата година беше болен/на и од што?**

_______________________________________________

**15) Дали примаш детски додаток?**

а) да

б) не

## Квалитетот на социјалните услуги за деца под старателство

**16) Дали си одел/а на летување?**

а) да, ако е да, со кого___________________

б) не

**17) Дали контактирате со вработените од Центарот за социјална работа?**

а) да, ако е да, зошто (каков вид на поддршка сте добиле)_________________

б) не

**18) Дали сте добиле помош во облека и храна?**

а) да, ако е да, од кого__________________

б) не

**19) Што би сакал/а да се подобри во твојот живот?**

а) не би сакал/а ништо, се чувствувам добро каде што сум

б) местото на живеење

в) образованието

г) и друго што_________________________

**20) Колку сте задоволни од условите во кои што живеете?**

1 2 3 4 5

**21) Колку сте задоволни од матерјалните услови во кои што живеете?**

1 2 3 4 5

## Квалитетот на социјалните услуги за деца под старателство

**22) Колку сте задоволни од грижата што ја добивате?**

1 2 3 4 5

**23) Дали во текот на минатата година имавте некои проблеми и како ги решивте?**

а) да, ако е да, како ги решивте______________________

б) не

Ви благодарам за пополнувањето на анкетниот лист!